струшки вечери на поезијата

# Кафез од брчки

## поезијата и детството

тематски избор
од современата македонска поезија

*кафез од брчки*

## Поезијата и детството

Издавач
*Струшки вечери на поезијата*

Главен уредник
*Зоран Анчевски*

Редакција
*Ефтим Клетников,*
*Влада Урошевиќ,*
*Лидија Капушевска-Дракулевска,*
*Даим Иљази*

Секретар
*Разме Кумбароски*
*Зорица Теофилова*

Ликовен уредник
*Кочо Фиданоски*

Компјутерска подготовка
*Бане Галиќ*

Печат
*Македонска Ризница - Куманово*

Тираж
*500*

*Изданијата на меѓународниот поетски фестивал*
*Струшки вечери на поезијата се финансиски помогнати*
*од Министерството за култура на Република Македонија*

# кафез од брчки

## *поезијата и детството*

Тематски избор
од современата македонска поезија

Приредувач:
***Ангелина Бановиќ-Марковска***

Избор од албански:
***Љуљзим Хазири***
***(Lulëzim Haziri)***

Превод од албански:
***Џабир Ахмети***
***(Xhabir Ahmeti)***

2007

XLVI СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

821.163.3-1(082)
821.18(497.7)(082)
821.512.161(497.7)-1(082)

КАФЕЗ од брчки : Поезијата и детството : Тематски избор од современата македонска поезија / приредувач Ангелина Бановиќ-Марковска ; избор од албански Љуљзим Хазири ; превод од албански Џабир Ахмети. - Струга : XLVI Струшки вечери на поезијата, 2007. - 172 стр; 21 см

ISBN 978-9989-193-00-2

## *Внатрешни слики за животот: детството и македонскиот лирски субјект*
(тематски избор)

Кога на почеток од годината, одборот на СВП ми предложи да направам избор на тема детството во современата македонска поезија, речиси ја одбив поканата. Мојата вродена склоност за маргинализирање на работите кои не се во фокусот на моето примарно љубопитство, покажуваше отворена скепса: зарем темата за детството (како топос и феномен во македонската поезија) е поинтересна од актуелните редефинирања на културната историја? Што би нашла јас во туѓите спомени, кога ни за своите немам време? Но токму скепсата која го потцени тематот, ме соочи со феноменот *внатрешен поглед*, па од позиција на себе-овдешна, почнав да се перципирам како себе-дамнешна. Мојата проекција во минатото, враќањето во периодот на детството, ги релативизираше сите претпоставки за елитниот карактер на привилегираните теми и ме исправи пред предизвикот.

Новите сознанија активираа кај мене поинаква теорија од онаа што ја практицирав во своите досегашни есеи – *теорија на свеста*. Таа бараше одговор на неколку прашања. Што е тоа во нас самите, способно да го надвладее заборавот? Дали е тоа некоја *биографема* која го сублимирала нашиот лирски живот – небаре дијалог со минатото, небаре земање-давање, едно постојано оддалечување и враќање кон она-што-било – или е, можеби, соочување со фактот дека единствено го имаш, само она што во себе го имаш?

За да ги проверам претпоставките тргнав од фактот дека поетската визија најчесто се храни со изгубениот рај на детството, со архетипските симболи длабоко втемелени во симбиличката топографија на едно минато време, постојано анимирано од неограничената моќ на вечното враќање кон едно трансцендентално imago mundi. Затоа и велиме дека за лирскиот субјект спомените од детството се столбови на кои се потпира кревката архитектура на душата, но тие се, истовремено, и *состојба на духот* која води до неприродно раздвојување на свеста од идентитетот. Раздвојувањето е заправо *удвојување*, една специфична мислечка активност која има врска и со филозофијата и со психологијата. Само во спомените, дефинирани и детерминирани од нив, ние можеме да се видиме себеси како некој друг, да го препознаеме во нас нашето старо јас.

Но, што значеше тоа во пракса? За да можел да се воочи себеси поинаку одошто се гледа секидневно, во големото огледало на животот, македонскиот лирски субјект требало, истовремено, да биде и *оператор*, некој кој го складира и негува минатото во својата меморија и *спектрум*, некој кој се впишува себеси во контурите на поетската слика. Само во неа можел да го пронајде тој својот „потскок“, своето „измолкнување“, силата со која ќе продолжи „да ги изигрува сите огледала – вели Дерида – *да го сочува во живот своето детство и својата желба*, со разочарувачкото и лудо чувство на надеж дека сè уште не почнал да старее[1]“, дека ќе успее да го измами неизбежното вдомување во интимниот *кафез од брчки*.

И тука, во таа слатка (само)измама на македонскиот лирски субјект го насетив парадоксот на една суптилна поетика, ја препознав наративизираната меморија на нашите поети. Во нивната лирска имагинација ги видов јасно: потрагата по изгубеното време, копнежот по минатото, родниот крајолик, семејните предци, сите оние моќни фигури кои го граделе неговиот идентитет. Сфатив дека за поетите од овие простори, темата на детството е амајлија која го возобновува и чува нивниот крвоток, еден специфичен лирски топос кој ги негува корените и битот на балканскиот човек, историскиот *од* на бројните негови етноси, нашата заедничка судбина.

Но, тогаш кога почувствував дека патината на минатите времиња може трајно да ме врзе за тематот на овој избор, решив да ги еластицирам неговите „рамки“. Покрај копнежот по корените и родниот крај, почнав да селектирам и стихови со архивирани спомени и симболи – сè што останало складирано во интимниот и менталниот дневник на нашите поети. Барав траги од егзистенцијални драми, семејни стории и лични судбини. Наидував на стихови со дилеми во поглед на идентитетот (промислувања и самопромислувања на лирскиот субјект). Но, најмногу од сè, трагав по „гените на душата“: родот, јазикот, името, традицијата, културната припадност.

За читателите на ововој избор можеби ќе биде изненадување фактот дека некои од селектираните стихови говорат за најсуптилните моменти од животот на нашите поети, дека реферираат на искуства сврзани со траурни теми од нашата историја, дека пеат за тажниот егзодус (драмата на нашиот Југ), за преселбите како архетипски матрици, како трајна сигнатура на балканскиот лирски идентитет. Дури и насловот на годинешнава симпозиумска тема „Без прогонство, кој сум јас“, се совпадна во еден сегмент со тематскиов избор, со оној кој пее за *напуштањето на домот*, на древната прародина, на

[1] Парафразиран цитат од Жак Дерида, „Преживеаниот, одложувањето, потскокнувањето“, во *Идентитети: списание за политика, род и култура, том 3, бр. 2, 2004,* стр. 245.

непосредното јазично и етничко искуство, небаре трајна поетолошка определба на македонскиот лирски субјект.

Но, пред да ви допуштам да уживате во избраните стихови, сакам да укажам дека претставениот избор не е конечен. Тој, секако, немаше амбиција да биде ни апсолутен, оти ги претставува само песните до кои, за еден кус временски период, успеав да дојдам. Можеби најубавите стихови за детството останаа надвор од мојот избор. Некој друг селектор ќе треба само да ја дополни листата, па збогатувајќи го опусот, да ѝ ја предочи на јавноста комплетната слика за овој феномен. Сепак, верувам дека и мојот скромен придонес е доволно сугестивен да ве увери дека песните се заправо поетски слики за животот на нашите поети, нивен личен живопис, една специфична, неповторлива и интимна зона од време и простор. Како постојана присутност, како траен мираз од времето на детството, внатрешните слики за најраните години на нашите поети се пасош кон нивната интимна меморија. Нивното вобличување во песна значи исполнување на копнежот, совладување на сентименталноста, гасење на жедта. Со нив полесно се совладува минливоста.

Создавани од една неизбежна временска дистанција, тие, секако, не се оригинали – не коинцидираат со презентноста на мигот – но затоа пак се своевидна реалност, една *удвоена оригиналност* продуцирана од меморијата на македонскиот лирски субјект. Сликите од детството на нашите поети се релјефи на нивната психа, *мисловни отпечатоци на некои сетилни впечатоци* кои во мигот на читањето попримиле лингвистичка и духовна реалност. Без неа не би имале ни помнење, ни живот. Затоа сум слободна да посочам дека во тематскиот избор *Кафез од брчки* може да се насети „изгубената книга на животот", или барем оној негов дел кој сугерира дека нашето постоење не е линеарна, туку мозаична структура со сложувалки од емоции и рефлексии. Селектираните стиховите во овој избор се нивен криптограм, нивен поетски еквивалент, лирско прибежиште на македонската сентиментална мисла.

*Август, 2007* **_Ангелина Бановиќ-Марковска_**

# *Блаже КОНЕСКИ*

## *Кафез*

Триесет години. И што е сторено?
Триесет скршени врчки.
Детството во мене е затворено
во еден кафез од брчки.

## *Децата*

Тие одлетаа негде неповратно
нашите пилци
и нив ги грабна во темнината
овој огромен хаос.
Запустено е гнездото,
загубена неговата топлина,
и самата помисла за ред и спокојство
станува престапна.
Како сме ги лажеле, колку бедно сме ги лажеле
нив наивните,
водејќи ги за рака!
И еве сега ги носи негде неповратно
бранот на овој црн хаос,
како и нас,
и само еднаш доживеан миг
на извонредна блискост
уште нѐ сврзува со нив
со блесок.

О миг на љубов меѓу измами!

## *Дете заспано крај езеро*

Ти спиеш малечко
а езерото се замислило –
езерото ја подготвува твојата судбина.
Ти спиеш а тоа
со неусетно потплиснување ти влегува в душа
како во заливче со бели камчиња
во кое секое камче се гледа.
Ти спиеш
но и најситното негово набирање
како нишка води до оние гласни таласи
што еднаш ќе се родат, ќе заплачат и ќе те понесат.

Спиј си детенце
езерото ја создава твојата душа
и мисли за твоите идни возбуди.

## *Ацо ШОПОВ*

### *Долго живеам на ова место*

Долго живеам на ова место
под кое шуркаат планински извори
и децата ловат пеперуги
а боровите во нема извишеност,
ја разлистуваат тишината на вековите.
Долго живеам на ова место
и полека црнеам од времето.
Гледај, велам, гледај каков си:
ни да се препознаеш.
Некогаш овие очи беа длабочини
во кои се нуркаа твоите желби
како жерави во сончевина,
а сега се само две суводолици
заноќевање на случајните дождови.
Некогаш овие раце беа орачи
во ровката земја на твоите лутања,
а сега личат на врбови прачки
неродници чаталести над водите.
Некогаш, велам, и ти како децата
си играше со пеперуги в рака
а од нивниот златен прав
цутеа вишните во твојата градина.
Зошто беше толку невнимателен
па допушти сите да загинат меѓу твоите прсти,
зошто не сфати дека е најголема мудрост
да имаш една жива пеперуга од твоето детство,
една топла ѕвезда на дланката
една топла ѕвезда на дланката
што ќе го просветли ова место
ова место каде долго живееше осамен
долго живееше поцрнет од времето.

# *Матеја МАТЕВСКИ*

## *Поле*

Таго на тивките бои на копнежот
Зелените сенки на врбите
неосетно подвижни
на тихата река
на реката што лази
на реката успиена
се гушнуваат

Зошто ми е замрежен погледот
кога под нив ќе се насмевне песокот?
Кога стадото замечтано
од ливадата
зачудено ме погледне
а малото овчарче
ми мавне со раката

Таго на детството напуштено
Тоа ти ме викаш назад
во своите сонливи
длабочини

## *Шиндра*

Кај се сега тие шиндри тие стреи
посипани иверки по стрмнината
Чадат оџаците кон спотнатото небо од саѓи
Паѓаат ситни трошки врз трпезата на снегот

Кај се сега тие шиндри тие штици
што слегуват по врвицата на сонцето
смолата што ја расточува на боровите
во грлото на пладнето

Го гледам мојот дедо кај се спушта
мојот прededо
со окит во брадата во дабовата
Од карпата слегува дива од високата
со богот на шумата на рамената

Од дувлото на волкот и мракот се спушта
и во себе ја составува потполноста на ликата своја
во пресрет морен на светлината
врз чело што ни огрева

Кон шиндрите се спуштаме уште
кон стреите
во прегратката кротка на чадот
на лелеавата измаглина
во која се топи и гине сината кула на небото

# *Љубен ТАШКОВСКИ*

## *Тетка Като*

Тетка Като во твоите малечки воденски раце
Седум водопади скокаа
А бевме малечки
А бевме малечки
Со месечината си игравме в трем
И Егеј ги лижеше нашите нозе
Тетка Като војната дојде
И остаревме веднаш
Птиците умреа
Умреа и самовилите
Што ти ни ги фаќаше на примка
Кога седум водопади скокаа во твоите раце
Во твоите воденски раце тетка Като.

## *Лагадинка*

Една стара Егејка ги собира своите стапки од калта
А плач од мрачка гризе од нејзината сенка
И како куче душе во дождот што плуска
И Егејчето мртво
Бабо бабо ноќта ги распаѓа куќите наши
А јас плачам во собите празни
По дода мртва
По дода мртва
Една стара Егејка
Од плач ноќва расне
А месечината како кучка
Душе по неа.

## *Анте ПОПОВСКИ*

### *Птица на детството*

Птица на детството
Помислам ли
– Првнува кон небесата...

Сега само во сон го слушам
Павтањето на твоите крила
– Твоето прекрасно исчезнување

### *Да си замислиш еден прозорец*

Оваа патека сега треба да сврти лево,
Да почне да се искачува,
Да те доведе под едно исушено стебло,
Испотен да седнеш крај него,
Да се сетиш на својот некогашен дом што веќе го нема,
И во воздухот, на светлината што бие откај црквата,
Да си замислиш еден прозорец
И на прозорецот да си ја видиш сестричката
Пладнето што те довикува за ручек,
Да седнеш на трпеза покрај татко ти,
Тој да го крши лебот и да го бакнува.
И да вели амин
И мајка ти потоа да стане
И да ја принесе првата чинија узреани черешни
Од вашиот двор.

Оваа патека сега треба да сврти лево
И да почне да се искачува
Во далечните столетија на детството.

## *Некогаш кога цутеа цреши*

Бевме мали, братчињата, сестричките
и са зима молевме да оздраве мајка
и пролети некаде кога прошета низ дворот
како дечиња се разиграа цреши на гранките
а гласот мајкин светкаше меѓу нив
како некоја заповест од светата книга,
како ѕвезда Давидова.

Одново сега го гледам тоа стебло,
се смалило, изгорело, се исушило
и колку подолго се загледувам
така одново го слушам тој познат глас
што ги исцелува душите
и од кој зацрвенуваат плодовите.

Одново го напуштам овој двор
Со рака на усните за да не се чуе
Што сакав да и шепнам на мајка ми

Некогаш на разделување,
Некогаш кога цутеа црешите.

## *Загледан во книгата на родените*

Везден ја прелистував книгата на родените
сè дури не го пронајдов и оној ред
во кој се препознаваа и буквите на моето име –
синџирче од глуварчиња што го плетат децата пролети.
Долго стоев врз нив гледајќи ги како трчаат низ летото,
како се криjат меѓу тревките,
како се искачуваат по овошките –

како се усамуваат уште незаодени.

Кога ми го чуја гласот ме препознаа, поцрвенаа,
а потоа почнаа да ми мавтаат со рачињата
гледајќи низ мене:

како помодрува денот,
како се скаменуваат боските на мајка ми
и постапно како никнува трева

меѓу моите коски.

Квечерина одново кога ѕирнав во книгата
ми се стори дека побелеле, се смалиле,
и позаспале како дечиња во постелата на книгата
ги покрив со темната покривка на моите горчливи години.

## *Долина на детството*

Камбана во висока вдахновеност се искачува нагоре
и старичка допрена врз залезот глаголи молитва
и се крсти. Одмина потоа
        и како божји знак исчезна во ноќта.

Убаво сега се сеќавам на таа девојка:
со жолто шамиче околу вратот
секоја квечерина
        таа ги полеваше цвеќињата на чардакот

и пееше. Расфрлаше некои словенски знаци
наспроти небеската синина
и ни делеше црвени јаболка нам,

на децата.

## *Јован СТРЕЗОВСКИ*

### *Редок кактус*

Дедо ми донесе редок кактус
од аџилак
Еднаш во годината расцутуваше на полноќ
кусо
и згаснуваше
Времето пред расцутувањето
со денови го чекавме
А мигот, чиниш, беше славје
Ете расцуте и згасна –
Ќе induce речеше дедо ми возбудено:
Нему му е сеедно
но ние така од година во година го следиме
за да си ја видиме минливоста

# *Јован КОТЕСКИ*

## *Присовјани*

Неколку градини на пролет.
Еден грст гробови на ридот
и црвени олуци од земја.
Изворот е тајна без зборови
од бела љубов земјата е гола.
Две девојки перат на реката
ленено платно за денот.
Годините го крадат животот,
останувам туѓинец дома
потпрен до софрата на ѕидот.

## *Уте*

*На мајка Петкана и тетка Конка*

Две жени со подгрбавени рамења, мислат;
Зошто се родиле и зошто родиле?
Две жени, две подисплашени утки
ги вкрстуваат погледите низ просторот -
дење сонце, ноќе ѕвездени полилеи
и необјаснета тага од распетија ...
До нив детенце јаболко гризе.
Во очите има благост што ги збунува жените.
Кој знае за нив освен јас? А кој сум,
всушност, Јас? Сега дртало од старец,
тогаш фиданче од гранче што пркнало
од ноќното стебло на Вселената?

Јас сум потврдена тврдина од болка,
изворче што жуборка меѓу прстињата
или само невино подисправена чуденка
со глас од шуте до уте!

## *Да се вратам...*

Во мајчината утроба да се вратам,
во царството на ангелите да пропеам;
во длабочината на Вселената да се најдам.
Таму сите потоци се бели, топли
крилото на Халеевата комета плете
светлосно седело на едно новородено дете
со плисната плима на неосквернавена крв!

Во земјината утроба да се вратам,
во царството на вакуумите да исчезнам,
атомите да ги оплодам до структура на сура голина!
Скриените корења нека ме преземат,
низ невидливи прозорчиња нека ме пренесат
од корен до лист, до пеперугата сина слетана
на едно бело цутче од трн, во жолта долина ...

## *Обичен живот*

Во крајот мој и напролет се болува.
Тревите ги зајаздиле меѓите што нè делат,
на софрата лебецот се зори, виното е горчливо
девојчињата имаат очи преполни со љубов.
Коњите фркнати преку три планини
можат да донесат и смрт дома.
- Нели е време, мајко! - Тргнуваме,
небото наше е подолг сон над камење.
Девојчињата од мојот крај се топла влага
со кошничиња, цвеќе и смеа преку три планини
љубов донесоа дома. Со громка песна
крајот мој и напролет болува.

## *Калишта*

Слегувам по каменот
ништо ново, ништо очајно.
Водата е бисер - вода,
убавината ја нема,
времето не постои.
Мајка ми пак некаде
на сува земја длабоко дише
и можеби умира.
А јас во потрага
по една блага клима,
по едни црни очи,
по некаква измаглина
дојдов во Калишта.
Дојдов во Калишта
кога манастирското ѕвоно
во совршен занес
сонуваше тишина;
дојдов кога каменот
и се допираше на вечноста,
кога убавината како езерска пена
ми ја матеше крвта.
Таа веќе е ровка,
таа веќе набабрува,
таа веќе прекипува
од убавина. Цркни!

### *Туѓинец*

Дојде дома туѓинец
ги гледаше накострешени петлите
и едно теле со нога по муцето
како се чеша.

Сакаше да рече а не рече -
Ако не беше војната
ќе ми го видевте тилот,
јас вам суратите,
дисковите меѓу нас ќе беа фрлени
преку копнежите врени.

Дојде дома туѓинец
сите се престоривме пизми
со подадени шепи,
со расцутени нокти за напад
и одбрана. Татко мој,
мачна душо!

Животот крај нас пројуре
како испаден коњ од Тројанската војна.

# *Nuhi VINCA*

## *Në kërkim të fëmijërisë*

I rashë pashë me pashë rrugës së parë deri në fund
Nuk të gjeta askund: veç një lule petale-letër
Më tha: kërkoje, kërkoje te rruga tjetër...

Edhe të dytën udhë e bëra deri në fund
Në krye të udhës veç një pemë fletë-ari
Më tha: ja tash, sa kaloi këndej-pari...

Edhe të tretën udhë e laga me lot
Në fund pashë pyllin që më pëshpëriti
S'e ke gjet' udhën e vërtetë.

Në ç'rrugë trete moj zogëza ylberore
Që po të kërkoj e s'të gjej?

Fëmijëria më qenka bërë fluide-flurore:
Në një lule
Në një pemë
Në një degë vjeshtore.

## *Нухи ВИНЦА*

### *Во потрага по детството*

Ја поминав од почеток до крај првата улица
Не го најдов никаде: само еден цвет латица-хартија
Ми рече: побарај го, побарај го на другата улица...

И другата улица ја изодев докрај
На крајот нејзин само една овошка златолиста
Ми рече: еве сега само што помина навамy...

И третата улица ја навлажнив со солзи
На крајот ја видов шумата што ми прошепоти
Не си на прав пат...

Детството мое е претворено во течение:
Во еден цвет
Една овошка
На една есенска гранка...

## *Петре М. АНДРЕЕВСКИ*

### *Лицето на зборовите*

Кога ја прашав баба ми
како да го запаметам
лицето на зборовите,
таа како да се врати
некаде оддалеку,
ме гушна и ми рече:
Нивното лице не е едно,
како и нашата мака
што не е само една
и не е само за еден!

Така во скутот на баба ми,
на нејзината шарена скутина
ја запознав мојата татковина.

# *Влада УРОШЕВИЌ*

## *Дете што зборува на сон*

Дете што зборува на сон, ноќе,
знае зборови што ги нема во ниеден речник.
Нашиот слух пред нив наполно без моќ е;
нашите знаења тука се само пречки.

Тоа се зборови-белутраци, зборови-грутки
што бескрајно време лежеле неизречени.
Тоа се ноќни зборови, зборови-утки
што од ветрот на сонот во собата се завлечени.

Тоа се зборови што доаѓаат од темнината.
Нивните облици се насетуваат потамина.
Нивната смисла е веќе некаде замината
а тие не се решаваат по неа да заминат.

## *Куќата на детството*

Постоеше таа куќа во ноќите зимски
полна речници, лексикони и карти на светот,
од која ноќе, од книгите бегаа киповите римски.
Постоеше таа куќа во доцното лето

кога соседите ги бунеше мирисот чуден
на морската трева што се случуваше околу неа да кружи.
Постоеше таа куќа во која само оној што е буден
не го чувствуваше нишањето на моріњата јужни.

Дали куќата сѐ уште ги вознемирува соседите?
Дали од неа сѐ уште ноќе бегаат киповите?
Ако постои - би можеле ли и денес во неа да поседите
и, спиејќи во нејзините соби, по мориња да пловите?

## *Златен век, детство*

Имаше во полето големи белутраци
во кои беше заробен огнот
и кои мирисаа на дамнешни битки кога ќе се судреа еден со друг

Имаше пруги низ кои не одеа повеќе возови
но со уво допрено на нив
можеше да се чуе татнежот на вагоните што минале пред години

Имаше телефонски бандери што мирисаа на катран
во кои брмчеа некакви небесни разговори
преземани од дивите простори

Имаше празни лушпи од полжав во кои
сѐ уште се слушаше шумот на морето
кое јачело горе додека тие лежеле во длабочините

Имаше лексикони и гравири на кои се ширеше
еден свет што постоеше наспроти сиромаштијата
и сивилото на војната што господареше со нашите животи

Имаше детелина со четири листа исушена
меѓу страниците на една книга
полна со приказни за земји што не постојат

Имаше шкафови во кои не се наѕирнуваше
зашто содржеа врзопи писма од далечните роднини
за кои не беше дозволено да се распрашуваме каде се

Имаше кутичиња заклучени со сосема мало клуче
кое потоа беше изгубено во селењата
или однесено од страчката крадливка

Имаше пеперуги врз чии крила
беше нацртана мапата со островот на закопаното богатство
сосе морските патишта што водеа кон него

Имаше праски - лозарки нечисто бели
и замачкани од допирот со грозјето
полни горчливост исцицана од песокот на ритчето

Имаше златни оси врз овошјето
положено во кошница од пратје
како некакви скапоцености извадени од ковчезите на војсководците

Имаше пазикуќи врз старите покриви на куќите
како некакви мали крунички
заборавени од џуџестите кралови

Имаше по зафрлените катчиња од дворот
свети места на кои ја оставиле својата преслека змиите
за потоа да се вратат во подземното кнежевство

Имаше чудесна светлина што сјаеше
дури и од ’рѓосаните шајки и од фрлените шишенциња
полни со прав и со исушени пајаци

Имаше и лоши маѓосници што со своите чинки
ни го заменија сето тоа за пластика и за хартиени пари
и нè измамија дека на тој начин ќе станеме возрасни.

## ***Детство***

Термометри, речници,
часовници што ѕвонат,
кутичиња од седеф,
кукли и портокали.

Стаклени шишенца
со затворени инсекти,
дирижабли, ангели,
локуми и носорози.

Улични продавачи
на шарени лижала,
острови со богатство
и стари разгледници.

Експедиции, папагали,
свет затворен во џамлија,
фенери од лубеница,
школки и пеперуги.

Домородци и вулкани,
пајтони и лилјаци,
ламби навечер под лозница
и војна – сè поблиску.

## *Детска летна приказна*

На ридот седат деца меѓу пожолтената трева.
Зад ридот има ѕид. Зад ѕидот
расте бавча, а потоа пак рид. Се крева
голем облак некаде зад ридот.

Зад облакот почнува веќе море.
Зад морето има остров со сини и розови шуми.
Зад шумите расте стебло со горчлив корен.
Зад стеблото седи маѓепсник и нас нè уми.

Зад маѓепсникот се отвора бавча што има познат вид.

Зад бавчата еден ѕид одново се крева.
Зад ѕидот – ете пак – се исправа рид.
На ридот седат деца меѓу пожолтената трева.

# *Михаил РЕНЦОВ*

## *Детето ми е убаво*

Детето ми е убаво, реков
Детето под кожа ми е убаво, реков
Во очите ми гувее како убав брод, реков
На прстите ми е сина галенка, реков
Во срцето ми е снежна слика, реков
Детето ми е убаво,
Убаво е детето, реков.

Детето ти е лудо, рековте
Детето во срце ти е лудо, рековте
Ноќе ти се кикоти, рековте
Во сонот ти е ноќна пеперуга, рековте
На чело ти е пламенче од тага, рековте
Детето ти е лудо,
Лудо ти е детето, рековте.

Ми кажува тајни тоа дете, реков
Во црнките ми пали огнови, реков
На дождовна капка ми го црта ликот, реков
А потоа ме заборава, реков.

Те заборави, рековте.

## *Килим*

Ми ги зголемува зениците
Ми влегува в душа плавно и сочно
А јас, не знам зошто, изустувам:
Судбина.

Мајко моја,
Ти што ги ткаеше своите дамари
Во шарени мигови од тага и живот
Не ја заборави мојата стемнета става
Ни моето колнато јагне.

Кога легнувам врз преѓата
Чувствувам како два небесни зрака
Ме креваат во пределот
На вечното и
Бесконечното.

## *Ненасловена*

Се родив многу стар.

За да не бидам безделен
Си ја орав сенката пред себе
И врз сенката садев овошки.

Од јатката на секој плод
Вадев по еден збор
И така научив да говорам.
Од мене се научи
Сиот род.

И како што младеев
И како ми се цедеше
Телото-земја
Почнаа да ми се сушат овошките
И на овошките плодовите
И во плодовите
Јатките.

Кога наближив кон детството
Заборавив да зборувам.
Сега сум дете доилче

Што се враќа
Кон утробата на мајка си
Во онаа пречиста капка вода
На првиот зачни-ден:

Среќен.
Бестелесен.

## *Се враќав дома*

Се враќав дома
По пат од раскопки и чакал
А по мене се враќаа
Моите Ситни Нешта:
Камчето со кое некогаш ме удрија
Капката крв што ми потече од носот
Плодовите што ноќе ги крадев
Шумата во која
Птицата ми се сокри
(По некоја заборавена песна)
Греовите што ги правев
Бранејќи се себе
Ангелот што го заборавив
Карајќи се со пријателите
И животот што го испуштив
Зјапнат во којзнае што
И којзнае каде.

Една поќ
Сите мои Ситни Нешта
Беа дома
Сал мене ме немаше.

Сум се изгубил, велат
Зјапнат во којзнае што
И којзнае каде.

# *Пeтар Т. БОШКОВСКИ*

## *Лишување*

Во времето на нашиот мал живот
имавме игра
на една нога
и со прекрстени раце на градите.
Скокајќи се биевме
глава со глава,
лакот со лакот,
колк со колк,
се додека не испопаѓаа
сите
од оној
што ќе останеше простум.

Во времево на нашиов голем живот
не можам да се сетам
како настана
овој буквар на иднината,
оваа вежбанка на судбината.

За потеклото на игрите
најдобро знаат оние што ги стокмиле,
но - кој ги прашува децата?

## *Растење*

Утрово се гребнав
од дрвцата
што ги насадив лани.

Се радував
како што се радуваме дома
кога првпат ќе мавне
малецко наше дете.

## *Постела на чардак*

Детето нејќе да спие
в клепки има
затворен лет на птица

Во чардакот е фрлена
прокобната магија на потајот
конци пламен во крпче воздух

Низ просторот се шири заразата
на она што чиниш си гледал
но првпат видуваш

Детето нејќе да плаче
но кого да праша
каде умираат ветровите

Лавеж се раздразнува
негде во срцето на ноќта
гласот му се враќа удирајќи го в грло

Небото излегува од земјата
накитено со жолти рани по телото
од секого по една украдени

Детето гледа ѕвезди
а толкупати му рекле
ако ја види својата ќе умре

Но можеби е ред веќе еднаш
изменета земјава да отвори очи
пред клунот на црвениот петел во дворот

Оти којзнае што може сѐ да биде
штом во чардакот сѐ уште ги нема
топлите струи на сонот.

# *Радован ПАВЛОВСКИ*

## *Сеќавање*

Се облекува во срма и никнува
од спржените тумби месецот.
Извалкано дете лови светулки.
Златна птичка отепав при залезот на денот.
Еднобојни, рамнодушни очи
сум имал во детството.

## *Децата во дворот*

Децата во дворот
го закопуваат својот глас
безгрижноста ја оставаат на играчките
некаква чаробна приказна
по меката земја цртаат
Сѐ им се чини како во приказните.

## *Пелин дете*

Едно пелин дете
по таблица од камени плочи
ги црта
сенките на птиците во лет
а тоа само останува
како вир вода во планина.

Купчиња бои по камењата
врти во колоџојна јули
Една скришна света солза
гребе по душата на детето.

## *Ми се скита*

Отворените вокали
големите планински венци
на твојот глас
Ми се скита
низ тебе низ мене
Ми се скита
низ твојот живот до согоревање
низ оган ми се скита
низ жед и луња
низ очајот на времето
ми се скита
од врвот на ноктот до врвот на планината
низ зелените треви
ми се скита со светлината
со секој дел на телото
со секој збор
до соединување на небото и земјата
ми се скита
до што е живо да ме види
до што е мртво да ме чуе
Бран низ зеницата што мина
те виде
на детето во скитања
од скитање коси му побелеале.

## *Целце*

*со љубов од мајка ми Достана кога бев дете*

Да не те разбие
на гладно срце -
гласот на кукавицата
пред сонце те будам
касај леб ти давам
целце[2] ковено да носиш
да растеш и цутиш
чедо мое,
во цел свет да бидеш
цело со целцето
ништо да не те разбие
цело да останеш
и сѐ што е убаво
со цело срце да целуваш
сѐ што ќе посееш
цело да никне
песната со твој глас
во цел свет да се чуе
Ако останало
нешто темно од ноќта
ти преслечи го во сонце
Целцето од мајка ми
уште од детството
цело
цел живот
во цел свет го носам.

[2] Заштитувачки тркалезен симбол искован од метал, вид амајлија

# *Петко ДАБЕСКИ*

## *Инфантилна*

Наспротн признатите теории на личноста
непредвидливо е портретирањето
на инфантилниот човек

Сите ангели и демони на детството
пеат заедно во неговата црква

И не задржува ниедна боја на дождот
Ниедна капка на отпор
освен инаетот во шака

За сите времиња еднаш украсен
со салтанати на возрасен
Со одлики и ќејфови на дете

## *Богомил ЃУЗЕЛ*

### *Раст*

Ги скина пелените
ја скрши колевката
од гнев што заплака
оти мораше да дишеш

Ги пресече ортомите-зраци
од небесната нишалка

Го голтна светот-залак
го исрка морето-школка
зашто мораше да растеш
за да го издржиш

ќотекот на времето
што маваше со мамутски коски

## *Adem GAJTANI*

### *Njëra nga rrugët e mia*

Kush mund t'i njohë gëzimet
Hidhërimet e tua rruga ime
E dashur je si vet jeta
Me ty u rrita thua do të vdes këtu
Pash mijëra rrugë të tjera
Më të bukura e më të shkretuara se ti
Por ti më je peng
Ti je shpirti im në dallgëzime
Bëra hapin e parë dhe u rrëzova
sa herë jam rrëzuar deri më tani
por gjithnjë jam ngritur edhe më i fortë
me plagën e parë kujtim
a të kujtohet kur kemi qenë të çiltër
virgjinë
një herë kur ylberi ishte mbi kokën time
më premtove një ngjyrë
cilën ma caktove? Cilën ta kërkoj?
Ndoshta kur të vdes ma shfaq ti...

## *Peizazhi i rrugës sime*

Muret me plitharë
Vashat dhe gratë fshihen
Dera me kanata pranë deriçka
Shtyllat e dritave elektrike
Shtyllat telefonike, jo
Kalldrëm me pluhur
Luledielli i pluhurit pëlcet
Asnjë dru në rrugën me baltë
Por në oborre zogjtë cicërojnë
Dielli zbret në strehë, pullaze
Dimrit krahnezë ka në drunj
Si dantella duvak nuseje
Ftonjtë renditur në rafte, të verdhë
Si roje, ushtarë në roje
S'ka trotuare, gjarpri i ujit
Futet nëpër oborre, kopshtie
Peizazh i mjerë i fëmijërisë sime
Qielli i plumbtë, sorrat trokasin
Dallëndyshet në tela si alfabet i Morzeut
Një të vdekur e bartin katër duar
Çdo kalimtar ndalet, kap arkivolin
Ëndrrën ende ia lulëzoj unë

## *Адем ГАЈТАНИ*

### *Една од моите улици*

Кој може да ги знае твоите радости
Твоите таги улицо моја
Сакана колку и животот
Со тебе пораснав како да ќе умрам тука
А видов илјадници други улици
Поубави и поопустени од тебе
Но ти ме држиш како заложник
Ти си мојата душа во бранувања
Првиот чекор го направив и паднав
колкупати сум паѓал досега
но секогаш сум станувал уште поцврст
со спомен на првата рана
се сеќаваш ли кога бевме невини
искрени
еднаш кога виножитото ми беше над глава
ми вети една боја
Која ми ја одреди? Која да ја барам?
Можеби кога ќе умрам ќе ми ја покажеш...

## *Пејзажот на мојата улица*

Ѕидови од тула зад кои
Девојките и жените се кријат
Порта со крила и капиџик
Електрични бандери
Телефонски бандери, не
Прашлива калдрма
Сончогледот од правта пука
Ниту едно дрво во улица со кал
А во дворовите птици пеат
Сонцето се симнува на стреата, на покривите
Зиме снегче има на дрвјата
Како тантела и копрена невестинска
Дуњите наредени на полиците, жолти
Како стража, војници на стража,
Нема тротоари, водната змија
Влегува во дворовите, градините
Беден пејзаж на моето детство
Небото оловно, чавките гракаат
Ластовичките на жиците како Морзеова азбука
Еден мртовец го носат четири пара раце
Секој минувач застанува, го фаќа мртовечкиот сандак
Сонот се уште јас му го расцветувам

# *Трајан ПЕТРОВСКИ*

## *Некоѓаш ѿука сум живеел*

Слегувам од Самуиловата крепост
по калдрместите сокаци, надолу
Не ја чувствувам ни сопствената тежина.

Се чини никој не ме следи
Само куќите што ме заградиле
нешто трогателно ми шепотат.

Тие за мене чуваат убав спомен
дека сум живеел некогаш тука
со чиста љубов и возвишено.

Јас веќе сфаќам дека сум должник
на овој град со легенди
Тревога нека возгласат камбаните.

## *Скришно месѿо*

Има едно многу скришно место
Само јас што си го знам.
Кон него со грижба вјасам често
Само за него си шепотам.

Мајкин дар е а таткова мака
Вир расцутен под облакот црн.
Тоа место поцврст поплит сака
Жилав багрем, бујат грмотрн.

Тука прво јас проодев знајно
Изворчиња солзни тука лиштат.
Тоа место јас го чувам тајно
Во ковчег од надиплени сништа.

## Ристо Ѓ. ЈАЧЕВ

### Кога повторно ќе си ја запеам песната

Кога повторно во мене тажното дете
ќе си ја запее песната
за ангелот што газеше мрши
за сенките во огнот што се мешаа со пепелта
земете ме молкум и однесете ме
под татковите клепки во Св. Спас
ил крај сноповите на изгореното жито
до сламената колиба под Гребен
ил во ѕвездената пена на нашето море.

Однесете ме во коше врзано на самар од желка
со топол бакнеж во чиста дланка
како син верен на празна таткова куќа
како крик на вечен ранет сон.

Однесете ме, однесете ме како сенка
како сенка на старец пред затворена врата,
ил закопајте ме како најстрашна чума.

### Како да се стигне до летниот дворец

Како да се скокнат непроодните шуми,
да се минат длабоките води,
да се дојде до местото од каде бевме прогонети;
место создадено од мов и лишаи
од водопади и бели куќи.

Како воопшто да се стигне до шумата на маслините,
да се влезе во темниот вилает
на Вани, на Ташко, на Ичко
во малото црквиче во кое денес се молат
само вечно премачканите светци,
да им се каже на оние малку што останаа
да ги чуваат гробиштата од болести,
очите свои од уроци
оти по нив знаеме за дом,
име
и татковина,
и дека само една кукавица
еднаш годишно прелетува за да остави едно перо
како скршено крило од ластовица.

Како да им се каже да ги вардат патиштата од чума,
да им се каже што е тоа слобода,
свадба.
О, како воопшто може да се стигне
до тој магичен летен дворец,
крај крвавата корија
во која сѐ уште сонува моето унакажано детство.

## *Родивска еклисија*

Кога сакам да го видам црквичето
во кое сум крстен
и кое единствено стои по толку години,
ги затворам очите.

Како дете со исплашен поглед
ја гледав Северницата во жолта облека
како се симнува во родивските шуми
каде белоушки дебнеа над Голината.

Над мене пееја смреки и столетни дабја,
Гледав, слушав и плачев.
Во тишината слепи очи ме довикуваа.

Навечер зачуден и уште позадлабочен се враќав
оти не можев да си објаснам:
зошто како одговор од фрлен камен,
од длабока јама
доаѓа продолжен татнеж?

Денес, иако прогонет, спокоен сум.
По неколку десетлетија од мојот живот
верувам во судбина.

Па сепак, зошто кога ги затворам очите
Ја гледам малата родивска еклисија
во која сум крстен?

## *Не е сон*

Са̌та нόјќ си плака̌ме на̌ пади́на̌та:
бéуту дéте, јáска и умрéна Дόда,
са̌та нόјќ нéма кој да̌ ни дáде вόда
дéка лéже мисичи́ната и диви́ната.

Са̌та нόјќ си плакáме, лéле мáјку,
кој на̌ уручи́, кој ву нас са̌ упули?
Сáму шо дéјту ву вόата са̌ углидá
на̌иднǎшка кýјќа̌та пéпеу ни станá.

## *Ристо ВАСИЛЕВСКИ*

### *Обредна погача*

Како лично Господ да ѝ вдахнал душа,
како пророците да бдееле над тестото
додека мајка ми ги мешаше солта, брашното и водата
да ги претвори во тело Христово.
Како светците да ја шарале со своите одежди,
порасна таа под сачот
како небо што друго небо потпира.
Со осветлено лице,
ја загледува мајка ми од сите страни,
го тресе од неа поленот од брашно и пепел,
ја витка во платното
што се чува само за неа,
да ѝ додаде белина и топлина.
Потем, во облека што само славите и свадбите ја памтат,
му ја става на татко ми в раце
да го помине со неа патот до Храмот
додека таа, зад него,
онака горд и исправен,
ниту оди по земјата,
ниту ѝ се јавува на рекичката
во која зафаќа вода,
ниту се гласи со својот мек глас.
Обајцата влегуваат во Храмот
како што се влегува во место
во кое ништо не се губи,
туку само сѐ се добива.

Следи обредот со накрсно сечење
и со налевање со вино,
вртењето меѓу рацете
како Земјата меѓу времињата,
и, пак, ведриот пат
од Храмот до куќата.
Ние, децата, ги чекаме пред врата
и бргу седнуваме на масата,
делејќи ја помеѓу себе
како што ја делиме сопствената судбина.

## *Resul SHABANI*

### *Barka*

Ende e mban ujin barku
I lyer me argjilën e përtharë,

Ishte e diel.
As e kthjellët,
As e vrenjtur,
As me shi,
As me diell,
As ag ishte,
As mbrëmje,
As mesditë.

E diel ishte dhe,
Hipur mbi barkun e saj,
Erdhën të shtatë.

Pastaj zbritën në rërë,
Shputat e zbathura s'i dogjën.
E morën në krah atë që i barti,
Duke e mbajtur mbi kokë.
Duken shtat pa kokë,
Dhe e sollën ta mbështesin
Pas këtij muri të fortë,
Pesëqind metra larg liqenit.

E keqja është se nuk ka vdekur,
E as nuk ecën,
Se këmbë s'ka
Po larg e ka ujin
Të notojë.

E kanë lënë aty prej dyzet vjetësh
E s'kalbet.
Fëmijërinë të ma kujtojë

## *Bija dhe biri im*

(...)

Kurse tash ju flini të qetë
E grepat e shkronjave letrën e nxinë
Me ngjyrën e kujtimit që do të zbehet
Nëpër kohë, e dashuria do mbesë
Mes fletëve të portokallit
E dhembjes së verdhë. Tani e di
Ku vajti krejt ai përfytyrim
Për liqenin e bukurinë
Midis gjumit dhe bredhjeve nëpër rrugë
Kur pas më vjen përfytyrimi
Dashuria ka këmbë e ecën pas meje,
Dhe vajin e foshnjës dëgjoj.
Do të vijë koha kur mbi shpatullat e mia
Duart më të dashuruara të pushojnë,
Kurse tash ju flini të qetë,
E grepat e shkronjave letrën nxinë.

(...)

Kurse tani flini të shqetësuar
Në frikën time dhe mallin që djeg.
Degë më degë këndon kumria
Dhe bilbili. Koha po ikën si vjedhës

Nën prushin e yjeve natën, nën diellin
Flakërues të mesditës pushoni.
Në dashurinë time e keni çerdhen
Më të ngrohtë që do lejleku ynë
Kur kthehet prej botës i lodhur
E krahun tim do ta lypë përherë strehë.
Kurse tani flini të shqetësuar
Në frikën time dhe mallin që djeg

# *Ресул ШАБАНИ*

## *Кајче*

Сѐ уште мевот ја одбива водата
А обоен е со  сува глина;

Беше недела.
Ниту ведра,
Ниту облачна,
Ниту дождлива
Ниту сончева,
Ниту зора беше,
Ниту вечера,
Ниту пладне.

Недела беше и
качени во неговиот мев,
дојдоа седуммина.

Потоа се симнаа, а на песокта
Своите боси нозе не ги изгореа.
Го зедоа во прегратка тоа што ги донесе,
и го кренаа над глава.
Изгледаа како тело без глава
И го однесоа да го навалат
На тврдиот ѕид,
Петстотини чекори од езерото.

Лошо е што сѐ уште не е мртво
Ниту пак се движи
Оти нозе нема
А водата му е далеку
За да отплови.

Го оставија пред четириесет години
И не скапа.
За да ме потсетува на детството.

## *Ќерка ми и син ми*

(...)

А сега вие спијте спокојно
Дури опашките буквите хартијата ја оцрнуваат
Со боја на споменот што ќе пожолтее
Низ времињата, а љубовта ќе остане
Меѓу лисјата на портокалот
И на жолтата болка. Сега знам
Каде отиде таа слика
За езерото и убавината.
Меѓу сонот и талкањата по патишта
Ме следи таа слика
Љубовта има нозе и оди зад мене
И плач на бебе слушам.
Ќе дојде време кога на моите плеќи
најсаканите раце ќе се одмораат.
А сега спијте спокојно,
Дури опашките на буквите хартијата ја оцрнуваат.

(...)

А сега спијте неспокојни
Во мојот страв и копнежот што гори.
Од гранка на гранка пее гугутката
И славејот. Времето бега како крадец
Под жарот на ѕвездите ноќум, под вжареното
Сонце на пладнето одморете се.

Мојата љубов ви е најтоплото
Гнездо што нашиот штрк го посакува
Кога се враќа уморен од светот
И ја бара мојата рака за стреа.
Сега спијте неспокојно
Во мојот страв и копнежот што гори.

## Ramadan SINANI

### Shtëpia e vjetër

Ajo jona
E vjetra shtëpi
Me një bisht dhie
Mendonte brenda botës së vet
Se ka një ordi të tërë pasurie

Ne fëmijët
Vërtet njomnim ngapak zorrët
Me atë qumësht hollak
E s'vdisnim lehtë
Siç do s'pandehnin
Ekspertët e atëhershëm mjekësor
Të Evropës

Shtëpia jonë e vjetër
Pati edhe do gëzime të tjera
Fjala vjen
Nuk tronditej aq lehtë
Dhe nuk mërziteshin anëtarët e saj
Nga ndonjë dinamizëm nevrik
Dhe me gjepura të tjera s'merrej shumë
Përveç shpresave të vogla
Që tirreshin ndonjë ndajnate
Të kredhura ngapak edhe në ëndrra të netëve të ftohta

...

Ajo jona
E vjetra shtëpi
Me një bisht dhie
Të vetmin gëzim të gjallë të vlefshëm
Dhe shpresa të forta të ndritshme
Na pati neve fëmijëve
Të prindërve të përvuajtur
Me ëndrra të pafundme në mundime
Se ne jemi një ordi e tërë pasurie
E gëzimeve të vetme të tyre

# *Рамадан СИНАНИ*

## *Старата куќа*

Таа наша куќа
Стара куќа
Со козји опаш
Си мислеше во својот свет
Дека има цело богатство

Ние децата
Навистина ги влажневме усните
Со ретко млеко
И не умиравме лесно
Како што мислеа
Тогашните европски експерти

Нашата стара куќа
Имаше и други радости
Да речеме
Не се вознемируваше толку лесно
И не ги загрижуваше нејзините домашни
Со напливи нервоза
И со такви нешта не се занимаваше многу
Освен со ситни надежи
што се предеа ноќум
И навлегуваа и во сништата на студените ноќи

...

Таа наша куќа
Стара куќа
Со козји опаш
Единствена жива и скапоцена радост
И силна светла надеж
Нѐ имаше нас децата
На измачени родители
Со задушени сништа во маките
Бевме цела војска богатство
На нивната радост

# *Разме КУМБАРОСКИ*

## *На панаѓур во Калишта*

*(Дете заспано во манастирското дворииште)*

На панаѓур во Калишта
вечерва ќе надојде
и турско и ѓупско и каурско
и некаков чад ќе ти замириса
на животна веселба
и одекот на камбаната ќе затопли и зближи
некакви мајчински срца
На панаѓур во Калишта се пее и игра
за здравје
за олеснување на чистиот мит од душата
за накалемување на добрата коб
и раната единствена

На панаѓур во Калишта
вечерва се пее
и пренокува со јагне
ко дете кое спие во црквата
со дума:
како да се оздрави
и спаси годината

# *Тодор ЧАЛОВСКИ*

## *Носталгија*

Застанат на зајдисонце
некој во мене со нем плач
слегува и откинува дел по дел
стискајќи ги цврсто во своите дланки

Одамна не си бил тука
за да го згрееш срцето, ми вели
да ја сочуваш целоста своја
пределот што те имал илјада години

Го гледам небото занесен
порабено со сина коприна
и како божјак со подадени раце
призивам милост за сопствениот грев

Останувам така цела ноќ
ко цела вечност буден
сал едно патче меѓу ситните ѕвезди
ми го открива конецот на потеклото

О, колку било неутешно, си велам
да живееш без и да дознаеш
што ти исчезнало тихом, неповратно
а толку многу си го сакал

## *Дипли*

Кога и да помислам на убавото
што од искони го крепело светот
пред мене секогаш е сликата на мајка ми
свиена стамно на распеаниот разбој

во одајчето под галичкиот чардак
како ги ткае диплите на животот
врз јатокот на битието свое

Сѐ околу беше свеченост тивка
дури ги кротеше боите во тена
чалгајќи со брдото врз вратилото
ко да го гласи говорот в куќи
и да се брани од налетите
на кобта алчна за уривање

Имаше нешто необјасниво
во складноста на нејзините движења
од која ме полазуваше сигурност
што победува секаков уплав
и стреа крева сонувањето

Можеби навреме не ги читаме
сите пораки и убавини
што ги ткаеја нашите мајки
за да ги смират молњите в насмев
и скараните ангели во молитвите

Затоа кога од зад секоја врева
патишта нови се отвораат пред нас
сетики требно ќе да е мигум
да погледнеме назад во тие дипли
од кои нѐ довикува згуснато време
и виделина на корењата свои

## *Атанас ВАНГЕЛОВ*

### *Дете*

Едно дете претрча низ тревата,
тешка и неподвижна во својот мир
од дождот штоноќеска врнел.

Не и се насмевна на јагликата,
грубо ја поттурна липата
што се беше наведнала
да му го скроти перчето.

Запре само на патеката,
си ги собу сандалите,
ги исцеди чорапите
и се затрча кон младоста.

Можеби ќе се врати некогаш,
ќе се врати по години печал
сред јаглики, под липа,
но есен ќе биде и само ќе врне
и некој тихо ќе липа.

### *Туртуриче*

*На Живко Чинго кој толку*
*топло говори за предците*

Дедо го најде тоа нејако пиле
со мов жолта под која се гасат
веќе румените мевца.

Не гледајќи ми строго во очиња
како при важни работи,
го кладе пилето пред мене
без страв да не би рачињата
во стремеж да дофатат нешто
и трајно да имаат за себеси
- него да го повредат.

Умно чинеше дедо!
Со недели јас учев да допирам
скапи и драги работи во животот,
со месеци ја изучував нежноста
и разбирав мачно, а сигурно,
оти за љубовта
не постојат ни време ни облик
што да ја сторат видлива,
оти е љубовта
- нашиот живот.

Но дедо како да се подисплаши потоа.
Веќе си леткаше пилето низ куќи,
а јас растев и зреев побавно.
Често удираше во ѕидови,
сè почесто со ноктиња
ги гребеше глатките окна -
беше сетило дека слободата
отаде мојата голема љубов
почнува за него.

Еден ден, се реши дедо
да ме турне во животот.

Ме изведе в поле и,
гледајќи ми строго во очиња
како при важни работи -
го извади пилето од зобник,
му го потслезе небото
и рече: тука ќе му е домот.

Ни да ме погледне потоа,
ни по глава да ме погали...
Допушти немо, без утеха
да отрчам дома уплакан.

## *Ефтим КЛЕТНИКОВ*

### *Подарок*

На Новото Небо и Новата Земја,
кога ги создаде како што вети,
Творецот нè повика еден по еден,
за да ни покажа каква ситница
сочувал за секој од нас
на истекот од времето и светот.
Кога дојдов на ред
мене ми покажа едно зрнце песок.
Бев среќен и реков:
Ти благодарам Боже,
добро се сеќавам на таа планина.
Сум течел низ неа како поток
и еве повторно доаѓам
на неговиот извор,
а Ти, да биде свеченоста поголема,
ме облече во детска лика. Амин.

### *Сеќавање*

Не знам дали ми е повеќе жал
за она дете што седеше
во златото на пладнето
пред неколку милениуми
на брегот од реката,
или за реката која
иако тече не е истата
и која го заборави убавото лице
во ништо што се раствори.

Седам и плачам над водата сјајна,
не знам пред колку милениуми
или сега,
со детска лика што се аби,
и не знам дали водата
или заборавот тече,
додека се сеќавам
на она дете и онаа река,
налактен на каменот на болката.

## ***Ништо***

Го прашувам детето:
- Што правиш?
- Ништо, вели тоа
и гледам како круговите на битието,
кое само штотуку влегнало во искуство,
се шират во празнината
како со светлина зрелото лето.
Или,
како што велат мудреците,
со изобилство свето.

## ***Случка***

Не знам како се случи тоа
и како заспав ноќеска
во крилото на ластовицата.

Веќе утредента в зори
летав над морињата кон Нил,
бегајќи пред есента и сланата.
Не знаев дека мајка ми
со крило ме залулала
и дека со крилесто млеко ме задоила.

# *Agim VINCA*

## *Kredo*

*(Vendlindjes)*

Kujtojnë se je demoduar
Se s'je më e denjë për poezi
Po gjithmonë kështu kanë kujtuar
Kozmopolitët e vjetër dhe të rinj.

Kujtojnë se të ka kaluar koha
Se je bërë motiv i konsumuar
Ata deri dje kanë mbathur opinga
Dhe me to në këmbe kanë udhëtuar.

Dhe kanë ecur me dhjetëra kilometra
Pa u ndalur e pa pushuar
Për të ardhur në dasma e festa
Tek ti moj e uruar.

Dhe s'e kanë ndjerë fare lodhjen
Dhe s'e kanë ndjerë fare mërzinë
Se ti me dorën e ngrohtë tënden
Djersën nga balli ua ke fshirë.

Dhe ndonëse ka ndryshuar bota
E njerëzit tok me to
Ti ke mbetur gjithmonë e njëjta
Ke mbetur po ajo.

Mashtrohen keq të gjithë ata
Që të shpallin të vdekur
Dhe harrojnë, për hata
Se ku kanë lindur.

## *Plepat e vendlindjes*

Sërish më dolët para dhe më përshëndetët,
bashkëfshatarët e mi truphedhur.
Ju shoh si tundni kokat dhe më thoni
"mi'serdhe"
në gjuhën tuaj të gjelbër.
Më shikoni me vëmendje e disi qortueshëm,
por nuk më mbani mëri.
Ju qasem pranë dhe e tokim si burrat:
"Jungjatjeta!" - miqtë e mi të vjetër.
Ka kohë që s'jemi parë, por nuk jemi harruar.

Ju njoh dhe më njihni:
jemi rritur bashkë,
bashkë i kemi pritur ditëveret dhe shëngjergjet.
Kam bredhur nëpër botë, unë shtegtari,
ju s'jeni tundur fare nga vendi i lindjes.
Në ju - çerdhe laraskash,
në mu' - çerdhe kujtimesh,
o pirgje të gjallë të fëmijërisë sime.
Ka kohë që s'jemi parë, por nuk jemi harruar
dhe ja, tani, ky takim i (pa)pritur.
Qëndroni në rresht për një si ushtarët,
roje jetike të këtij trualli:
të gjatë, të hollë, krenarë.
Ju lëngun e thithni nga toka-nënë,
flokët e gjatë jua kreh era,
jua rrit shiu.
Këtu keni lindur dhe këtu do të vdisni
(ashtu bukur, vertikalisht, siç dini ju të vdisni)
banorë të hershëm të këtyre brigjeve,
kryengritës e sqimatarë.
Ju shoh tek bisedoni me retë
dhe i raportoni tokës:
priten të reshura e bubullima.

Dhe në qoftë se ndonjëri nga ju bie një ditë
në përleshje me stuhitë
për të do mbajnë zi motrat tuaja, shelnjat.

Në të hyrë të fshatit,
në të hyrë të botës
me këmbët tek lumi
me kokat tek retë
me krenarinë tuaj vertikale
përjetësisht qëndroni, o plepa,
o vëllezërit e mi buzëdrinas.

# *Агим ВИНЦА*

## *Кредо*

*(На родниот крај)*

Мислат дека си демодѐ
Дека не си веќе достоен за поезија
Отсекогаш така си мислеле
Старите космополити и новите

Мислат дека ти минало времето
Дека си станал истрошен мотив
Тие до вчера обуваа опинци
И со нив на нозете патувале.

И минувале десетици километри
Без да запрат и да се одморат
За на свадби и слави да дојдат
Кај тебе благословен да си.

И не почувствувале никаков замор
И не почувствувале никаква досада
Затоа што ти со својата топла рака
Потта од челата си им ја бришал.

Иако светот е сменет
И луѓето со него
Ти си останал секогаш истата
Си останал тоа што си.

Се лажат сите
што те прогласуваат за мртов
И за чудо заборавааат
Каде се родени.

## *Тополите на родниот крај*

Повторно  ме пречекавте и ме поздравивте,
мои високи соселанки.
Ве гледам како нишате глава и ми велите „добредојде“
на вашиот зелен јазик.
Ме гледате внимателно и небаре со укор,
но не ме мразите.
Ви приоѓам и се ракуваме срдечно:
„Здраво!,“ - мои стари пријателки
Одамна не сме се виделе, но не сме се заборавиле.

Ве познавам и ме познавате:
заедно пораснавме,
заедно ги чекавме летните дни и ѓурѓовдени.
Сум талкал ширум светот, јас патник,
а вие не сте мрднале од родниот крај.
на вас - гнездо од страчки,
во мене - гнездо од спомени,
о  живи кули на моето детство.
Одамна не сме се виделе, но не сме се заборавиле
и ете, сега, оваа (не)очекувана средба.
Застанете во ред како војници,
древни чувари на ова тло:
високи, тенки, горди.
Вие сокот го влечете од мајката земја,
долгите коси ви ги чешла ветрот,
ви ги негува дождот.
Тука сте родени и тука ќе умрете
(така убаво, простум, како што вие знаете да умирате)
стари жители на овие брегови,
бунтовни и накитени.

Ве гледам како разговарате со облаците
и на земјата ѝ рапортирате:
се очекуваат врнежи и грмежи.
И ако некој од вас падне во битка со бурите
за неа ќе тагуваат вашите сестри, врбите.

На влезот од селото,
на влезот од светот
со нозете крај реката
со главите до облаците
со вашата возвишена гордост
вечно опстојувате, о тополи,
о сестри мои подримјанки.

## *Петре БАКЕВСКИ*

### *Балада за сончевите предели на детството*

1.

*„Ни на небо, ни на земја,*
*Туку така под облака.“*
(Македонска народна песна)

Од небесните извори сред пладне,
На сув рид со исушени сенки во долините,
Каде што земјата се оплодува од утринската роса
на ноќта,
Тивко исчезната во истрајувањето на времето,

Каде што од утро до мрак,
Жегата ги собира плодовите на сонцето,

Каде што во ладен бардак,
Под вековната лозница што ги чува тајните
на сите годишни времиња,
Се собира тишината на молкот –

Револуцијата беше завршена,
Почна изградбата,
Почна изградбата,

Мајка го зачна мојот живот,
Ни на небо, ни на земја,
Туку така под облака,

Револуцијата беше завршена,
Почна изградбата,
Почна изградбата,

Од небесни извори, сред пладне,
На сув рид,
Со исушени сенки во долините

Додека птиците повтор прелетуваа
И повтор го вежбаа пеењето,

Мајка го зачна мојот живот
Ни на небо, ни на земја,
Туку така под облака –

Од небесните извори!

## *Mustafa SPAHIU*

### *Këmisha e fëmijërisë*

Krenari është të rritesh
Me këmishën e parë të bardhë

Këmisha ime e parë -
Pranverë gjakimi,
Këmisha ime e gjatë -
Varg kujtimesh,
Këmisha ime e bardhë
E grisur ndër udhëtime të gjata...
Mikeshë e fëmijërisë
Re e argjendtë e tretur
Në pranverat e para të bujshme...
Eh, kjo këmishë
Mbetet përherë e paharruar!
E, o fëmijë
Nuk mund ta merrni me mend
Sa e dua atë këmishë të bardhë të kujtimeve
Po të mundesha edhe në zjarr do ta kisha kërkuar
Do të isha gëzuar për të si për qumështin e nënës
Sepse themel e kam të kujtimeve të shtrenjta!
Jo, jo nuk mund ta merrni me mend
Se ]farë këmishe ishte ajo
E fëmijërisë sime,
E zbukuruar nga dora e mirë e nënës
Me lule gjithfarë, me tantela,
Me margaritarë e rruaza, me mëngë magjike,
Me gurë të çmueshëm dhe ngjyra të ylberit.
Nëna,
Ah, nëna duarartë,

Kur ma qepte këmishën magjepsëse
Me penj nga agu i bardhë,
Sumbullat i vinte prej yjeve të ndritshme,
Xhepin e bënte manushaqe të vërtetë,
Të më mbrojë nga ethet e befta,
Kurse përfund kurora pemësh
Të më sjellin fat në dashuri
Në mbrëmje
Të më sjellë gëzim verës
Dallëndyshet t'i joshë
Gëzime e dritë
Dasma dhe sy të bukur vashash
Dhe ngrohtësi...
Netët verore
Këmishën time
Të bardhë
Me xixëllonja e stolisja
Me mollëkuqe e fije bari,
Me ndonjë flutur
Dhe me ngjyrën e zogjve nga hamullat,
Me ndonjë petale
Dhe me ndonjë njollë nga vishnja e malit.
Dhe, kështu këmisha ime zbukurohej
Edhe më shumë.
Bëhej magji...
Kishte në të
Me qindra vija
Si në pikturat e Pabllo Pikasos...
Di]ka si binarë me lule
Që kalojnë në rreptësinë
Ku ruhen puthjet e para
Të vulosura në bardhësinë e dikurshme...
Kurse tash nuk kam krahë të fortë
T'i kërkoj ato kopshte të mrekullueshme,
Ato gurra,
Ato ahishta,

Ta gjej këmishën time
Varur në ndonjë peizazh,
Nën hije...
Nuk jam piktor të nisem me shumë brusha,
Panel e kavaleta,
Ta ngjall në pëlhurë
Këmishën time
Këmishën time të bardhë
Me shumë dekorata ferrash
Dhe urdhra të shumtë prej gjethesh,
Me klithma ndarjesh...
Ajo është vendosur në vend të sigurt,
Midis kujtimeve më të mira
Dhe nuk mundet kurrsesi
Të nxirret së andejmi
Dhe kurrfarë magjie
Nuk mund ta sjellë
Këmishën e mirë
Të bukur
Para jush...
Valëvitet atje
Me vija prej lotësh
Me njollëza nga lëngu i dardhave të buta
Ngjyra manaferrash
Dhe një gjurmë nga fjalët e ngrohta
Të xha Ahmet Gegës së mirë...
E, ajo është një këmishë e veçantë
Në të vetëm vetëm shirat,
Në të vetëm rrezet e diellit
Kanë pasur të drejtë të pakufishme
Të prekin.
Edhe ndonjë bletëz
Mund të pushonte
Nga shalqiri i ëmbël kur kthehej...
Ah, po mund të paraqitej edhe ylberi
Me nëntë ngjyra

Dhe shtatë puthje
Dhe ndonjë thëllëzë e vetmuar.
Kurse nëpër mëngët e saj
I lejoja të kalojnë burimet e kulluara...
Merreni me mend
Mua rrufeja nuk mund të më bënte asgjë,
Për shkak se këmisha ime
Bëhej rrufepritëse e përkryer,
Ndërsa as vapa e verës
Nuk mundte t'i shlyejë ngjyrat magjepsëse
Të këmishës sime,
Një herë të bardhë,
Kurse pastaj,
Ju tregova
Si u bë lara-lara,
Dikur e tërë
Pastaj e grisur
Një herë e gjatë
Pastaj shkurtër
O Zot
Sërish do të kisha dashur
Ta shtrij dorën
Kah ai peizazh magjik
Ta marr këmishën time
Këmishën e fëmijërisë sime
Dëshirë të zjarrtë kam
Ta vesh edhe një herë
Si dikur
Kur isha këmbëzbathur,
Por me plot ëndrra...

# *Мустафа СПАХИУ*

## *Кошулата на детството*

Гордо е да растеш
со првата бела кошула

Првата моја кошула
пролет на копнеж
мојата долга кошула
нишка од спомени,
мојата бела кошула
искината по долги патувања...
пријателка од детството
облаче сребрено изчезнато
на првите бујни пролети...
Ех таа прва кошула
вечно незаборавена!
Ех дечиња
не можете да замислите
колку ја сакам таа бела кошула од спомените
кога би можел и во оган би ја барал
би и се радувал како на млекото мајчино
зашто темел ми е на спомените мили
не, не можете да замислите
што кошула беше таа на детството мое
разубавена од добрата рака на мајка ми
со цветчиња разнобојни, со тантели,
со бисери и ѓердани, ракави магични,
со скапоцени камења и бои на виножито.
Мајка,
ах златнораката мајка
кога ми ја шиеше чудесната кошула

со конци од белата зора
копчиња ставаше од светли ѕвезди
џебот правеше од темјанушка
да ме штити од ненадејна треска
и под венци овошни
да ми носи среќа љубовна
приквечер
да ми носи радост во летото
ластовички да навестува
веселби и светлина
свадби и убави очи момински
и топлина...
Во летните вечери
Кошулата моја
бела
со светулки ја китев
со бубамари и билки
со ретка пеперуга
и со боја на птици од стрништата
со по некое жолто венче
и по некоја дамка од планинска вишна.
И така мојата кошула стануваше
Се поубава.
Стануваше магија...
Имаше на неа
стотици црти
како на сликите од Пабло Пикасо...
Нешто како цветни риги
што минуваат низ строгоста
во која се чуваа првите бакнежи
втиснати во некогашната белина...
Но сега немам моќни крилја
да ги пребарувам
тие прекрасни градини
тие извори
тие буковини

да ја најдам мојата кошула
обесена во некој пејзаж
под ладовинка...
Не сум сликар со многу четки
панели, штафелаи
за да ја оживеам на платно
мојата кошула
мојата бела кошула
со разни ордени од трње
и одличја од лисја
со крици на разделби...
Безбедна е таа
меѓу најдобрите спомени
и не може никако
оттаму да се извлече
и никаква магија
не може да ја донесе
добрата
убава кошула
пред вас...
Се виори таму
со риги од солзи
и дамки од сокот на меките круши
со бои на капини
и трага од топлите зборови
на добриот чичко Ахмет Гега...
Ех таа моја кошула
на неа сал дождови
на неа сал зраци сончеви
имале право
да чепкаат
и по некоја пчелка
да се одмора
на враќање од слатката лубеница,
о, да, и виножитото можеше да сејави
со девет бои

и седум бакнежи
и по некоја самотна потполошка,
и по некој биста извор да мине
низ нејзините ракави...
Замислете
Мене громот ништо не ми можеше
зашто мојата кошула
стануваше беспрекорен громобран
а ни жештината на летото
не можеше да ги избрише чудесните бои
на мојата кошула
најпрвин бела
а потоа
ви кажав
шарена
еднаш
цела
потоа парталава
еднаш долга
потоа куса
О Боже
пак би сакал
да ја испружам раката
до тој магичен пејзаж
да си ја земам кошулата
кошулата на моето детство
огнена желба имам
уште еднаш да ја облечам
како некогаш
кога бев бос
но полн со мечти...

# *Санде СТОЈЧЕВСКИ*

## *Врв*[3]

Еве коскено, сакам сребрено,
сакам. Не беше добро, знам,
ама си заспав слатко, утот
скутот го ширеше над сите.

Јас вака ѕидам, и точка.
Исто па исто, уморна сестро,
ум в глава немам, и дали ова
некогаш ќе се реши.

Над нас распукало чистото,
чистото, светата мерка;
зошто да не? Зошто да не?

Сакам сребрено, сакам.
Сакам да ѕидам и точка.
Сакам да ѕидам точка.

[3] Во веќе замагленото детство, кога ќе извадев млечен заб, ќе го префрлав, наназад, преку покривот на куќата, викајќи: *Страчко, страчко, све ти коскено (запче), сакам сребрено!* Така три пати. Чудно е, што во Европа, во Германија, според Фрејзер, „Речиси е општо правило во народот извадениот млечен заб да се стави во глувчја дупка. Ако се постапи така со испаднатиот детски млечник, детето нема да страда од забоболка. Или, треба да отидете зад печката и да го фрлите забот преку глава, велејќи: ’Глушецу, дај ми го твојот железен заб а еве ти го мојот коскен‘... Меѓутоа далеку од Европа, на островот Раратонга во Тихиот Океан, кога на детето му се вадел заб се пеела оваа молитва: *Стаорецу голем! Стаорецу мал! / Еве ти го мојот стар заб./ Те молам дај ми нов.* Потоа забот се фрлал преку сламениот покрив на куќата“. Како кај нас на Балканот. Како во Студена Бара.

## *Татко ми меѓу ветришта*

Сум те гледал уште како дете
и знаев; одблеснуваа во тебе
и северот и југот, земјата
сокриваше од сите нас намера

што навечер пред твоите нозе
ја оставаше. Детето, соседот
и татковината, добиваа малечка
сенка пред да се појават

ветриштата. Ти излегуваше
на гумното, се престоруваше
во оној што единствен беше

кадар да подигне веѓа во облак,
да го издржи погледот на Дру,
одвај да свитка колено. Време е!

## *Слика*

Лизга се по куќе д'н,
све игра и трчи преко њиве,
вода пое нешто од' мн'шњо,
ш'пка нешто, нејасно кажуе,
исфрља га с'с треске на брег.
Боси шљапкав и деца и старци,
у пламенче далеко нас'рќав,
радуев се покрај врбов стожар.

А под ќерамиде, пред да се сокрие,
мало ѓаволче
на цел глас се смее.

## *Веле СМИЛЕВСКИ*

### *Го сликам првиот допир*

Најпрвин детето ми ја подава раката
и тоа е првиот допир
на платното во жолто.

Потоа детето се смее и јас ги пребарувам
сите можни нијанси на палетата
што доаѓа во бранови, згуснато
и продолжува во виножитото
на завесата.

Од другата страна, крај стаклото,
е сцената на која мавтаат
со марамчиња мноштво деца
довикувајќи го детето
што го портретирам.

Раздалеченоста е оголена и еластична;
се зависи од боите,
од моите независни впечатоци
за нивната осгрина
во долгите копкања
крај стаклото.

Преку едно небо што е око
и што сака да ме прими
во малиот простор на градината
затревена, со многу инсекти
со заборавени кукли од восок,
го сликам првиот допир.

Дегето пак ја подава раката
и на платното остава дамка
од густа зелена боја
што полека протечува
врз жолтото.

Едно поле моќно веќе
што се подготвува
за својата плодност
во некоја чудна пролет
на платното
се обликува.

## *Ка̄та ЌУЛАВКОВА*

### *Предвремено будење*

Веќе не се будите во иста соба.
И она што е невидливо не е исто.
И во навиката на будење има измени.
Предметите со кои се поистоветувате
не ви се подеднакво туѓи.
Секој облик бара посебен одлив
на свеста.
Гладта за препознавање е отворен процес:
Финеганово бдеење.

Овошјето од еден обичен плакат
го поместува тлото под душникот
го лизга ровко и несопирливо
и ве пренесува во детството
            – небаре тоа е на едниот
            вие на другиот крај
            небаре сте биле еден без друг
            вие што не сте смееле –

повторно ја доживувате возбудата
на окото и моливот
кога сте цртале гроздови, круши и јаболка
и сте го наслушнувале разговорот
меѓу мечтата и раката во која
се влевал еросот на иднината.

Детството се враќа на тајна врата
и открива вишок живот, вишок минато:
она од што не можете да се откажете.

И повеќе не се прашувате зошто стварноста
не е доволна за да се сонува
и што е тоа што не е јаве
а постои!

## *Исповед на дете*

„Не знам зошто
имам чудно чувство
дека секој ден ми доаѓа
судниот ден

па се наежувам од уплав
и морници ме полазуваат
и се замрсувам како долг
многу долг и излитен конец
јазли полн, а трпение немам
да го размрсам!

Потем се соземам несвесно
се враќам со временската машина
во виртуелната стварност
и продолжувам да си играм
да се занесувам

оти како инаку ќе преживеам
Мамо
- не знам!“

## *Weltanschauung*

Не отстапувај!
Растојанието треба да го почувствуваш
како предност и
да ја опишеш лутата сапуница на надежта
во душата што ти влегува по којзнае кој пат
те зазема како што се зазема туѓа територија
те присвојува како што се присвојува туѓо дете
и за сето време на мис-мириса.

Растојание ти треба животот да го продолжиш
тоа постојано оддалечување од она-што-било
тоа земање-давање
тој непогрешлив минус
тој јасник, таа осојница.

Искачи се на врв-себе и повлечи се
во подножјето има плодни почви
јаболка што мирисаат на магдонос и нане
зборови што се припикнуваат во пазувите
– мажјаци скокотливи полнозначни семеносни –
глетки што трчаат по тебе како верни загари
времиња што те опоменуваат
обѕрни се, објави се
но не застанувај
што погоре, толку подоле
она што во себе го имаш единствено го имаш.

Зголеми го растојанието, пламни
од долгото гледање во истиот свет, овој свет
од беглиот допир со стварноста
        – од нејзината раскалашност, од нејзината понорност
        од таа скривница во сударот со измисленото
        од таа родна куќа, од тој нерешлив спор
        меѓу сонот и јавноста –

побегни толку далеку што да истинеш од желба
да се вратиш
оддалечи се толку многу што да немаш кога
што да немаш младост
да се вратиш.

## *Мирисот на смрчките*

*На татко ми*

Сега не можам да речам
дека меѓу мене и денот кога
со татко за првпат берев смрчки
постои јасно растојание

сега кога мирисам на смрчка
повеќе одошто на самата себе

кога минуваат годините во животот
како што нема да поминат во споменот

кога сè е на свој начин отсутно
и пладнето, и билјето
и јас и тој

кога сè е заградено во мене
и секој настан има своја мирисба
своја душа – она
што не се споредува!

И од разликата рано се умира.
„Сè уште не, па сепак веќе“ да.
Би немало свет, тој не би бил
да не бил различен
од сè друго, и од моето
Јас.

Отсега ќе ми треба храброст
да одам без него низ истите предели
да се сеќавам и да барам низ јасникот
смрчки

не оние што тој ги створаше за мене
но тие што јас ќе ги мирисам за него.

## *Топла крв*

Ниту една единствена не знам
ладнокрвно да раскажам
бајка. Зошто, на пример
ловецот ја спасува Црвенкапа
и, како секоја споредна личност
неопходна само за расплет
си заминува?

На кој начин во *Аловото цвеќенце*
грдиот ѕвер станува убав младич?
Кој од нив е привидение?
Ме трогнува ли магијата на преобразбата
или езата дека морам да паднам во немилост
за да бидам некому мила и драга?
Колку ќе останат непреобразени
на светов луѓе, мажи
при сè што жената е она трето
што ги поврзува?

Мажот е желен, жената пожелна
и така во недоглед возбудата
на раскажувањето живнува
јазикот е топол како крв
ласцивен кога бликнува
опсцен кога засирува

јагула-јазик
совршен и кога е разголен
без кошула без лушпа
ко од матка изведен!

О, бесрамна нека ми биде беседата
нека биде вечен нескладот
меѓу изгледот и суштината
постојат волшебни приказни во кои
сè е налик на стварноста
во кои нема ништо што би можела да го објаснам
ладнокрвно и рамнодушно!

# *D'na CUVATA*

## *Anjlji fciureshtsã*

Cãt nj-lji voi anjlji ficiureshtsã!
Ama, cum s-nã-acãchisim
Ti-un lucru:
Shtits, mini-avui
Di dauùã ori ficiurami.
Prota oarã cãndu crishteam
Cu zboarãli-a aushlor Armãnji,
Elji zbura - mini u beam
Amarea-armãneascã.
A daoara crishteam
Cãndu ti prota oarã li vidzui
Càrtsãli-armãneshtsã. -
A dauùa ficurami-a mea
Sum soarã poartã
Dauuã suti d-anji.

Mini nica nu-aushii,
Mini tora crescu.

## *Cumortsãljî*

Mortsãlji nu suntu cu noi.
Mini nji-u fricã di zboarãli-a lor.
Mortsãlji, tora, nu zburàscu
Ma armasirã blãsteamili-a lor,
Cari nj-lu leagã suflitlu

Cu-anjlji ficiureshtsã,
Bagã mãna pi minduerli-a meali.
Mini nica li-acãchisescu
Zboarãli-a lor
Ama, sã-lji ved mini
Mortsãlji
Cum va s-acãchiseascã, lelem,
Cu-atselji tsi yin?!

## *Димо Н. ДИМЧЕВ*

### *Годините на детството*

Колку ми се мили годините на детството!
Но, како да расчистиме
Со една работа:
Знаете, јас имав
Двапати детство,
Првиот пат растев
Со зборовите на старите Ароманци,
Тие говореа – јас го пиев
Морето ароманско.
Вториот пат растев
Кога за првпат ги видов
Книгите аромански.
Моето второ детство
Под мишка носи
Двесте години.

Јас уште не остарев,
Јас сега растам.

### *Со мртвите*

Мртвите ги нема меѓу нас.
Јас се плашам од нивните зборови.
Мртвите, сега, не говорат.
Но, останаа нивните клетви,
Кои ми ја врзуваат душата
За годините на детството,
И притискаат на моите мисли,

Јас сѐ уште ги разбирам
Нивните зборови.
Но, да ги видам јас
Мртвите
Како ќе се разберат, леле,
Со оние кои сега доаѓаат?!

## *Весна АЦЕВСКА*

### *Дете меѓу зрели овошки*

Дете меѓу зрели овошки
Во небранет овоштарник
Што првпат ја открива
Фаталната привлечност
На сладострастието.
Оттогаш Бах и Аполон
Се во негова близина
И еден паун чиј крик
Го запалува празниот свод.

### *Нагледност*

Учителот говори.
Учителот открива.
Се појавува Херодот,
Потем Крез, па Кир,
Среде ледено поле
Отворено за сите погледи.

Учителот говори.
Учителот открива.
Учениците во полето
Ги учи Херодот,
Потем Крез, па Кир,
Еден, два, вежбаат,
Од лево кон десно,
Ред до ред, род до род,
Решетка до решетка.

Учениците говорат.
Учениците откриваат:
Ама е исцрткан светот!
Тенка-права, тенка-коса,
Дебела-права, дебела-коса,
Еден, два, лево, десно,
Ред до ред, род до род,
Решетка до решетка.
Бележит ребус од решки.

Учителот говори.
Учителот заклучува.
Исчезнува Херодот,
Потем Крез, па Кир
Низ митска лапавица.
Секој е на своето место.
Ѕвони.

## *Науме РАДИЧЕСКИ*

### *Продолжено јавување*

Во нашиот неочекуван свет
сè повеќе се разделуваат главните определби
Расне трагањето - расне и губењето
Колку потаму - толку повеќе се одминуваме себеси

И во враќањето го продолжуваме летот
А има нешто постојано што се јавува
низ сеќавањата трошни
Има дури и нешто што само понекогаш
ја осветлува бледата сенка на спомените

Очекувањата се осудени на премолчување
И ѕвездите и морето ги доживуваме како трајно прогонети
Пред едно исто распетие немееме гневно-вечно

Во миговите што ги викаме сеќавања
нешто упорно продолжува да се јавува
Тоа е сопственото јавување
Тоа е нашето јавување
Ние сме во него
(Од каде се довикуваме?)

## *Александар ПРОКОПИЕВ*

### *Хаику*

1.

Сонце, па снег.
Ѕиркам - сите куќички
се смалиле.

2.

Миено дете
матни облаци гледа:
„какано небо“.

3.

Што има уште
таму, таму зад крајот?
Само змејови.

4.

Се скрива зад ѕидот
сенката на мајка ми
сè уште млада.

5.

Ех, да го имав
волшебното стапче
- ќе бев диригент!

6.

Пет ноќи празен
домот остарел за цела
една година.

7.

Пред сон, прабаба ми
се чешла. Уредна да е
следното утро.

8.

По сокаци пси
и деца. Во дворот - коза!
Ромско маало.

9.

Јавач на Луна
сум на цртежот на Ина.
Бродам над река.

## *Лилјана ДИРЈАН*

### *Ќе правиме куќа или сирење*

Ќе правиме куќа или сирење
прашува татко ми кршејќи го
во залаци лебот
а сито попладне нè втасува
стравот и таванот високи
го напаѓаат зеленчукот
распореден по душите
жилави и бескрајни
фрлени пред градбата
од тулата до зборот
од залакот до тулата
малтер лепиме
во шуплините, забите, процепите
мајка ми влегува
потпирајќи ги ѕидиштата, мислите
(а има толку тркалезни форми)
зема од лебот, прстите ѝ се влажни
и гледам уште како утробата ја соли

### *Тамариска, предели*

Го видов лицето на дедо ми Рант Дириан,
дури сега ова утро иако Тој никогаш
не се појави пред нас,
неговите внуци
Тој што со пајтон одеше дури до Будим во 1928-та
и зад него до Сегедин свиреа унгарски цигани
со цигулки и контрабас

Тој што пиеше од мерак и плачеше
потем од тага
и на враќање, на баба ми Ленка и носеше
кинески порцулан
лепези од слонова коска и
безброј шапки од кадифе и тул
Тој што го донесе и првиот грамофон на
навивање во Ново Село (струмичко)
па го ставија една недела наутро под
дудинките, пред кафеаната
додека во белите варосани спални на газдите
брмчеа кутиите
полни со свилени кожурци
а тие двајцата, со три мали деца, седнати еден
спроти друг
пиеја кафе од новите филџани
беше тоа среде летниот јужен дел на светот
прав по калдрмата, пазарен ден,
риба од Дојран во кошеви
и тој и вели: - Ќе бегам Ленко, ќе бегам...
И таа гледа во дудинката, трепери еден лист
расте еден кожурец закачен со свила
и децата ја влечат за здолништето и
тој ѝ збори ерменски
и се фаќа за срцето и смачено му е,
емигрант е, туѓинец
и таа се фаќа по срцето и смачено ѝ е,
емигрантка е, туѓинка
и најпосле се случи што се случи...
и не избега кутриот преку граница

туку ден - два потоа со пајтон отидоа
до Државната во Скопје
и тука на клупата во паркот
со пусулчето препорака божем...
и таа потоа се врати сама со коњите
ја облече долгата црна шамија
и јас, четириесет години подоцна
уште таква ја гледам
а од филџаните од Будим преживеа само еден
со две кинески женски фигури,
со игли во косата и чадорчиња
облечени во розе свила, како под една ретка
крошна
сонцето ги допира нивните лица од креда
и пиев млеко од тој филџан
и пиев вода во шаторот по земјотресот
и ги засакав тие две кинески од порцуланот
ептем ги засакав
и сè до утрово, вртејќи го речникот со слики
не знаев дека крошната е тамариска
и означува бесмртност...

еве ги утрово двајцата
Рант и Ленка Дириан
како седат под стеблото и
зборуваат за нас

## *Nehas SOPAJ*

### *Ag dhe viollcë*

1.

shelg i ri
unë kur isha
në letër shkrova
        do të lulëzojë edhe thera
ndërkaq thera shkoi mu bë thumb me helm
thumb që ma helmoi shpirtin
pastaj i shkrova
        letër lirijes
kjo shkoi ma polli ujkun
ujkun që ec në dy këmbë
dhe di të mbjellë vetëm vdekje
        dymijë vjet vdekja herri me katër këmbë atdheun
o njeri
o kufomë e gjallë
që vdes ngadalë e nuk sosesh
o rrobë e vjetër o gjak përherë i ri
a do ta hash një ditë universin
duke e kërkuar lirinë
ilirinë

2.

fëmija më pyet
pse kjo hënë sonte
është përgjysmë

oh fëmijë mos më pyet
pse kjo hënë sonte
është e përgjysmë

fëmija më pyet
a është kjo gjysmë
pjesë e hënës së plotë

po fëmijë i them
kjo gjysmë është gjysma
e hënës së plotë pesëmbëdhjetëshe

po atëherë
kush e ka ngrënë
gjysmën tjetër më pyet

o fëmijë shumë po pyet i them
e kanë ngrënë e kanë ngrënë
për shembull fluturat

fëmija tash tërë kohën
tërë kohën tash fëmija
flutura zë e mbyt

## *Нехас СОПАЈ*

### *Зора и темјанушка*

1.

млад кога бев
како од врба фиданче
напишав на хартија
          и трњето ќе цвета
а трњето ми стана отровна боцка
боцка што ми ја отру душата
потоа ѝ напишав
               писмо на лирија
а таа волк ми роди
волк на две нозе што оди
и знае да сее само смрт
          две илјади години смртта ми ја исплеви татковината со
четири нозе
човеку
жив лешу
што полека умираш и не изчезнуваш
стара носијо о трајна млада крв
ќе го изедеш ли еден ден универзумот
барајќи ја слободата

2.

*детето ме прашува*
зошто оваа месечина вечерва
е напола

о дете не ме прашувај
зошто оваа месечина вечерва
е напола

*детето ме прашува*
дали оваа половина е дел
на полната месечина

да дете му велам
оваа половина е половината
од полната месечина

кажи тогаш
кој ја изел
другата половина ме прашува

о дете многу прашуваш му велам
ја изеле ја изеле
на пример пеперугите

*детето сега цело време*
*цело време сега детето*
*пеперуги фаќа и убива*

## *Зоран АНЧЕВСКИ*

### *На тетка А. К.*

Крајоликот
со старост очите ти ги полни.

Затоа,
потребно е да плачеш, препорачливо е;
жртењето и вкоренувањето во тебе
го носи дождот.
(потребно е да плачеш)
Нема веќе вино во крвта
ни голуждрави птици
што низ срцето треба да минат.

Во залезот
недостижни изгледаат планините
и семоќни.

Затоа,
потребно е да плачеш
како искроено лозје на пролет,
потребно е да плачеш,
да плачеш,
зашто
плачењето,
со детство очите ти ги полни.

## *Откритие*

*На Андрејко*

Каква радост е откритието на јазикот
неговото топло присуство во мракот
во нашата сопствена стерна
да жубори     жеголи и глаголи
да џивка     гуга и џавка
да изглаголи збор
што е ехо
на мајчиниот
запишан во крвта
трага од некоја претходна трага
од некоја претходна
тррра-
                    га... га... га...

Каква радост со мал напор на јазикот
да го придвижиш светот

## *Адолесцентна песна*

Оваа песна повеќе сака да јаде слатко од смокви
отколку да збори. Станува ноќе кога гори
од необјасниви телесни потреби и грицка
нервозно семки, скришум, под јорган,
                                        без да ги треби.
Оваа песна прави неморални нешта.
Оваа песна онанира на скришни
                                и на јавни места
Им плази јазик на
    минувачи
    читатели
    критичари
    на професори
    и студенти по литература,

а сè уште од родителите бара синекура.

Оваа песна има акни
постојано менува чорапи, патики и јакни.

Оваа песна пишува графити
има суицидни налети,
се качува на врвот од солитерот
и прави неколку залети.

Иако е бесна сега на секого
ќе порасне и оваа песна
но треба да признаеме:
маката во ова доба не ѝ е лесна.

## *Вера ЧЕЈКОВСКА*

### *Пластелин*

Со силни прсти притиска просторот – пластелин
палав.
Чисти пенливи пластови паста прскам врз лочките
од пластелинот – простор палав.

## *Драган КРУШКАРОВСКИ*

### *Тајноста на постот*

Надвор утрото со топли бои
и раб од зелен лист создава цртеж
Јас сè уште немам име
иако имам седум тела

Мајка остава нежен збор
Да ме гледа и со чекор од слама
излегува од цртежот
Моето петто тело од страв
пушта цветови на омајниче

Зборот со око ќе ми го испие
млекото на синијата

Конечно
морам да го изменам светот
Земам догорче од огништето
и цртам на ѕидот

### *Бадник*

Татко го кршеше лебот
А на покривот од нашата куќа
Слетаа соѕвездија
На трпеза имавме
Бокал вино и свеќа
Ликот на предците да го развидели

Беше свиден ден
Змија ни грчеше под прагот
И на сон ја демнеше
Новата мена на месечината

Нам пак од премногу убавина
Ниту ни се јадеше
Ниту ни се пиеше
И виното и лебот
На трпеза ги оставивме

Како вечера за нашиот семеен Дух

## *На нашиот таван*

На нашиот таван најдов штака
од дедо ми
што си ја загубил ногата
на дванасетиот ден
по Св. Илија 1903.

За да му го олеснам
недостатокот од смртта
штаката ја засадив во дворот
и на пролет
ногата пушти корења
па расцути.

Така
продолжи моето родословие.

## *Сеќавање во пет слики*

Црн бик наденал облак
на роговите.

Нечие плашило пее
оперски арии по нивите.

Мојот хартиен брат
сребрено се смее во сонот.

Нашите мали куќички
летаат со доцртани крилја.

Јас излегувам од едно јаболко
и тоа е моето раѓање.

## Јордан ДАНИЛОВСКИ

### *Ја нема собата моја не*

Ја нема собата моја Не
Само траги
Од калта на книгите
И други се бреговите
Од тоа постојано
Вртење на тркалата
Камената
На страниците
Прозорците воздух
Од земни
Подземни и неземни
Посегања ноти
Тунели унели бегства
Тоа ветреење нивно
Тоа растење ѕидови
Таа акустика
Наспроти крошните
И нас
Ние што еднаш
Во смеа-веа
Бевме
Деца во нив

### *Шеттеж*

Испотени деца меѓу дрвјето
Смеа што ги ниша крошните
И го ведне времето

Вчас во нивното раѓање
Вчас во нивната смрт
А посреди
Во длабоката далечина
Огромен
Мелничен камен
Што врапито тргнал
Сѐ да поништи

## *Мојата соба*

Ѕидови
Брегови сред кои течам
Пласкам по варта
По полиците
И матен
Од калта на книгите
Удирам
врискам по прозорците
Се кршам
Во сликите
На детето што бара пат
И старецот што патот го чува
Моето подло тело
Низ нив протечува
Се плоди
Својот Витлеем го бара
Своето исходиште

## *Мене*

Знам
Идат
Зад некоја планина од тегоби
Пепелави деца со лицата ријат
Жедни да се видат

Мене
Огледало што се замрачува

## *Shazim MEHMETI*

### *Mëhalla e Lapos*

**6. Kujtimi i vonuar për mëhallën**
**dhe për të bijën e shtatë t'Aloshës**

I gjallë sa një fëmijë çapkën
Jo dhe aq i gjallë sa lugati i Azizit
Në këtë mëhallë të tipit të vjetër hebraik
Gjatë u hoqa birucave
Këmbëzbathur me pipth të kuq në dorë

Ky është kujtimi im i vonuar për mëhallën
Dhe për bijën e shtatë t'Aloshës
Atë Pifkën e bukur me flokë të gjata deri nën vithe
Që rrinte gati thuajse përherë
Vdekjen ëmbël ma shpaloste gjoksit
Me krahët e mpirë nga dashuria

Për krejt ç'ishte e tepërt në atë përzierje këmbësh
Hëna bëhej esull i mbyllte sytë
Ne i ujitnim epshet me vesë mëngjesi
Rrinim pa gjumë lageshim në shi
Aq shpesh vdisnim sa krijonim gjallëri
Me rënkimet me përjetimet me ofshamat

Ky është kujtimi im i zverdhur për mëhallën
Ku të gjallët merrnin krejt ç'u lejonte jeta
Vetëm Hadifja vajza me gërshet të shprishur
Më e vogla e fqiut në të djathtë
Jetën s'guxonte ta shikonte në sy
Tërë natën e natës qëndronte pas perdes
I kafshonte buzët qershi

Kur na shikonte të zhveshur si engjëjt në terash
Për një natë brenda vetes vdiste njëmijë herë
(Krimbit të nënkresës skish si t'i shpëtonte
Babait jonjeri që aq shumë e donte)

9. P. S.

Nuk bëni asfare mëkati
Nëse më merrni për të dehur
Krejt kësaj mëhalle
I vjen era pjergull

## *Шазим МЕХМЕТИ*

### *Маалото на Лапо*

**6. Задоцнетиот спомен за маалото
и за седмата ќерка на Аљоша**

Жив колку секое палаво дете
Не толку жив колку ѓаволчето на Азиз
Во ова маало од стар еврејски тип
Долго време се влечев низ дупки
Бос и со црвено свирче во рацете

Ова е мојот задоцнет спомен за маалото
И за седмата ќерка на Аљоша
Убавата Пивка со долги коси до задникот
Што секогаш ја гледав
Како пред мене ја соблекуваше смртта на градите
Со опиено тело од љубов

За сè што беше вишок во преплетот од нозе
Месечината се трезнеше и ги затвораше очите
Додека ние ја полевавме страста со утринска роса
Останувавме без сон стоевме на дожд
Толку пати умиравме што создававме живост
Со нашите кризи од задоволство и офкање

Ова е мојот пожолтен спомен за маалото
Каде што живите грабаа сè што им нудеше животот
Само Хадифе девојчето со прекрасна плетенка и без шамија
Најмалата на соседот оддесно
Не смееше да се соочи со животот

Цела ноќ стоеше зад завеса
Ги грицкаше усните свои како цреши најубави
А кога не гледаше голи ко ангели
За една ноќ умираше илјадапати
(Спас од црвот во перничето немаше
Ниту од татко ѝ мил а строг кој толку многу ја сакаше)

9. П. С.

Не сторив никаков грев
А ако ме сметате за пијан
Целото ова маало
Мириса на винова лоза

## *Славе Ѓорѓо ДИМОВСКИ*

### ***Requiem***

*(во спомен ан татко ми Кирил)*

*Епизода од детството*

Детството не ми постоеше
туку еден облак оседлан
по небото што галопира

И еден ветер што го врзував
за дрво и твоите раце
и твоите раце Татко!

Детството не ми постоеше
туку стапалки по снегот
по белиот снег

И еден цвет постојано што се отвораше
во снегот и твоите очи
и твоите очи Татко!

Детството не ми постоеше
туку еден извор постојано
што ермореше низ карпите

И една птица што пееше на трнот
со блескави и сјајни крила
И твојот глас
Твојот жив пламен!

## *Детство*

се топат планините. се извишувам
над нив. имаат подвижни лица
но молчат. се претвораат во рамнина.
еве ја. веќе ја чекорам.

# *Трајче КАЦАРОВ*

## *Каде ме наоѓаш*

Каде ме наоѓаш
сè со тебе ме водиш
на која страна да се свртам
само тебе те гледам

Но јас не те барам
ти на мене растеш

Зар не пораснав толку голем
за да те напуштам

Ти треба старата куќа
по неа да потрчаш

## *Страв*

Како малечок
по цела ноќ ги држев,
очите отворени
или само сонував
дека сум буден
Се плашев за
моите најблиски
за нивниот живот
Тие се плашеа за
нешто друго

Денес стравот
го наследи мојот син
Во мрачната соба
како грозен спомен
ме притиска
неговата несоница

Чуствувам
ќе го проживееме животот
плашејќи се за нешто друго

## *Lulëzim HAZIRI*

### *Letër shokut të bankës*

Shok i harruar i rendit të fundit nga Dritarja
Shoh se vitet ma shtojnë harrimin e verdhë
Koha ma vë kleçkën
Duhet ti kujtosh bredhjet korridoreve
Zilet e hareshme para kohe
Kur s'hynim në mësim
Kur pinim cigare pas shkolle
Kush na thoshte vagabondë hohshtaplerë sharrëxhinj
Se vërtet sharronim deri në gozhdë
Por dhëmbët s'na u thyen

A të kujtohet si na mashtronte me fjalë ai i Gjuhës
Ne heretikëve anarkistëve
Por s'doli burrë me gjithë 100kg. Në trup
Në albumin e maturantëve
Na i veçoi fotografitë
Ne donim të ishim në fund të albumit
Siç ishim në bankën e fundit nga Dritarja

Po ai i matematikës me distinktivin e Ajnshtajnit në jakë
Si habitej kur na shihte në pushim
Duke ngrënë çerekun e bukës thatë
Vërtet hanim ne çka s'hanim
Librat rrobat bankat profesorët
Disa para dreke disa pas
Thatë i hanim si bukën
Apo kohën tonë
Që binte para kohe
Si zilja

## *Љуљзим ХАЗИРИ*

### *Писмо до другарот од клупата*

Заборавен другару мој од последниот ред крај Прозорецот
Гледам дека годините ми го зголемуваат жолтиот заборав
Времето ми поставува пречки на нозете.
Треба да ги запаметиш талкањата низ ходници
Веселото ѕвонче пред крај на часот
Или кога бегавме од часови
Кога пушевме зад училиштето
Кога ни велеа дека сме вагабонти хохштаплери забушанти
Оти навистина пропаѓавме како пила до клин
Но забите не ни се искршија

Се сеќаваш ли како не мамеше со зборови Јазичарот
Нас еретиците и анархистите
Но не испадна маж со неговите 100 кг
Кога во албумот на матурантите
Ни ги одвои фотографиите
Ние сакавме да бидеме на крајот
Како што си бевме на последната клупа крај Прозорецот

Но Математичарот со значка на Ајнштајн на реверот
Како да се чудеше кога не гледаше на одмор
Кога јадевме по четвртина сув леб
Навистина јадевме што се не јадевме

Книги облека клупи професори
Некои претпладне некои попладне
Ги јадевме насуво како лебот
Или како нашето време
што ѕвонеше предвреме
Како школското ѕвонче

## Salajdin SALIHU

### Fëmijëria pa letërnjoftimi

dita fillon me përzierje të çajave të rusit
me përshëndetje eterike plot kakofoni
a rënkim dashurie hamshorësh
me muhabete rojtarë oborresh
heronj betejash që s'i njeh historia
flet me gjuhë të ftohtë të hekurt të betontë
në klepsidër i derdhet marria

makondo është e makondo s'është
njerëzit i ka kapluar pagjumësia
zbehet nga harresa dashuria
e nesërmja çel me fat më të zi
me një ditë më tepër të varrosur në njerëz

gjithçkaje i vjen erë vdekjeje
vetëm flitet për dashurinë
nën petk të ngushtë morali
trazohen ëndrra lakuriqe
kafshohet molla e ndaluar e mëkatit
braktiset vullnetarisht kopshti i edenit

në botën pa dimensione
ku përzihen kohërat hapësirat qenie
fshihet identiteti i humbur
i fëmijërisë pa letërnjoftimi
ku kaherë s'frymon antika

## *Салајдин Салиху*

### *Детство без лична карта*

денот започнува со мешање руски чај
со етерични поздравувања полни какофонија
или љубовно стенкање на пастуви
со муабети на чувари на дворови
херои на битки кои не ги познава историјата
зборува со леден јазик, железен, од бетон
во клепсидра му се истура глупоста

макондо е и макондо не е
луѓето ги обзема несоница
пожолтува од заборавот љубовта
утредента цвета со зла коб
со еден ден повеќе погребан во луѓето

сè мириса на смрт
само се зборува за љубовта
под тесната облека на моралот
се вознемируваат голи сништа
се загризува забранетото јаболко на гревот
доброволно се напушта рајската градина

во светот без димензии
каде се мешаат времиња пространства суштества
се крие изгубениот идентитет
на детството без лична карта
каде одамна веќе не дише антиката

## *Лидија ДИМКОВСКА*

### *Кирие Елеисон*

Првата катедрала ја видов во Катерини
Кога купувавме здолништа од тексашко платно,
пет блузи за илјада драхми + една бесплатна,
зимски џемпери среде август и кожни елеци,
боже, биеше катедралата точно на пладне,
се гледавме со Кирие в очи,
татко ми рече: Го собравме грчкото ѓубре.
Но морето беше чисто а и Василиј не беше грд,
ѓубрето си е ѓубре, иако тој шепотеше нежно Сагапо.
Во Катерини водев инает со миризливите писма
без точна адреса. Жените во поштата
го прецртуваа името на мојата земја
и каде можеа да стасаат писмата
ако не во нивната прочуена депонија.
Катедралата монотоно стои кајшто е,
вербата во Бога ми е слаба, морав
да викнам среде улица: Ѓубриња, грчки ѓубриња!
А Василиј рече: Сѐ уште не сум бил на Света Гора
но кога ќе отидам ќе ти донесам икона
од Светиот квартет: Софија, Вера, Љубов и Надеж,
за срцето змија ме касна, човек со таква слобода пред Бога
не може да се покрие со зборот ѓубре,
иако плачев кога сестра ми реши да остане во Катерини
и да раѓа Грци. Катедрало, лесно можеш
да се разбудиш на другиот крај од светот
и пак да се викаш Катедрала, а јас
не се ни исончав добро, ни блузите не ги пробав,
само се свртов кон Катерини и се молев:
Елеисон, Елеисон Кирие и остани ми со здравје
и во чисто и во ѓубре чие било каде било.

## *Сузана В. СПАСОВСКА*

### *Млада кожа*

Си ја проучуваш кожата

Линиите сè уште не ти се длабоки

Ги следиш
и гледаш дека се вкрстуваат
дека се прелеваат една во друга
дека прават мрежа
со која го чуваат твоето тело
од распрснување

Си ја проучуваш кожата

Линиите сè уште не ти се забележуваат

Ги следиш
и гледаш дека се бесконечни
сè додека не наидеш на лузна
во која се споиле
и го спасиле твоето тело
од искрвавување

Си ја проучуваш кожата
и тогаш гледаш дека
да не била твојата младост
којзнае колку крв би пуштиле твоите пори

Си ја проучуваш кожата
и тогаш гледаш дека кога ќе остариш

твојата кожа нема да може уште долго
крвта да ти ја запира

Тогаш гледаш
да си што подалеку од сите сечила
што подалеку од сите рабови
што подалеку од сето стакло

Тогаш гледаш
дека можеби веќе не ќе можеш
ни да се гледаш во огледало

## ***Наследство***

Се раѓам
Мајка ми ме пречекува со љубов
И со страв дали ќе преживеам
Љубовта ја примам
Но и стравот

Раснам
со љубовта на татко ми кон мојата нежност
со стравот на татко ми за мојата женскост
Љубовта ја примам
Но и стравот

Живеам
и ги носам љубовта и стравот на мајка ми
љубовта и стравот на татко ми
и си мислам -
колкав ли страв ќе носат моите деца

## Никола МАЦИРОВ

### *Студени утра*

Не ги сфаќам
студените утра
за кои зборува мајка ми

Ми вели да се покријам
преку глава

Ги оголувам стапалата

Таа истура мраз во цреповите
и ми вели да ги
повлечам колената
кон стомакот

Не ги сфаќам
студените утра
за кои зборува мајка ми
(во нејзината утроба е толку топло)

### *Имав три години*

Добро се сеќавам
на бегствата од дома
во пижами и во
трипати поголемите чевли
на татко ми

Нагонот сè уште го чувам
само што
чевлите ми се претесни.

## *Секој ден светот*

Секој ден светот одново
го разместувавме:

*планините овде ќе бидат,*
*градовите таму,*
*реките денес*
*во нашата соба ќе се влеат.*

И утре пак сè од почеток.

*Леталата на ова небо нека бидат.*
*примирјата таму.*

Само ние во таа игра
бевме заборавани,
на исти места природата
секој ден нè поставуваше -

во кутија од кибритчиња
бев спремен да заспијам,
ти во футрола од виолина.

## *Стрелки од часовникот*

Наследи го детството од албумот.
Пренеси ја тишината
што се шири и стеснува како
јато птици во лет.

В дланки зачувај ја
неправилната топка снег
и капките што се спуштаат
по линијата на животот.
Кажи ја молитвата
со склопени усни:
зборовите се семе што паѓа в саксија.

Молкот во утробата се учи.

Обиди се да се родиш
како голема стрелка по полноќ
и секундите веднаш ќе те престигнат.

# *Владимир МАРТИНОВСКИ*

## *Хаику*

1.

Магла. Две црни
точки на белиот срт:
маж, жена со дете.

2.

Февруарска ноќ.
Дрт мачор гуга како
новороденче.

3.

Морето здипли
детска лопатка – ќе си
гради нов остров.

4.

„Солена супа!“
– дете за првпат го
вкуси морето.

5.

Штрбаво дете
се тркала по долот.
Криви лалиња.

6.

Тенџере, морков
и копчиња во дворот...
Снешко киднал гол?!

7.

Само на пешкир
едно дебелко бебе
си грицка камен.

8.

Бело топченце
си се полни со млеко –
новороденче.

9.

Меѓу две далги
кајчето ми личи на
бебешка лулка.

10.

Наместо детски
џагор клокоти гласно
селската чешма.

## *Летечка баклава*

Е
ова
летало
ми  личи
на оние што
ги правевме ко
деца - токму на едно
што ни испадна ужасно
намуртено - небаре страшило

Но и оноа летало - како што се вивнува
над плочниците, над зградите - полека
ја менува својата првична гримаса

Над секој облак ликот ко да
му се разведрува (небаре
ни се насмевнува)

Ова летало
личи и
на

л
е
т
е
ч
к
а
б
а
к
л
а
в
а
с
о
о
п
а
ш

## *Linditë AHMETI*

### *Zile misterioze*

Pranvera gjithmnonë fsheh disa zile të imëta
Midis luleve në kopshtin e gjyshes sime
Dhe shkon
Këtë e di
I kam dëgjuar me këta veshë
(Të shtoj se pranvera zgjohet
Pikërisht në kopshtin e gjyshes
I cili rri lëvarur në ylber
Me gjithë gjelbërimin e tij)
Nëna thotë se kjo në të vërtetë
Është ndonjë porosi hyjnore
Se si do të shpjegohej ndryshe
Ky kumbim i ëmbël
Për të cilin unë i them se më zgjon
Para se të dalë dielli
Disa fqinj pohojnë se ashtu është
Se nëna ka të drejtë
(Midis grave të fqinjve vlon mendimi
Se është magji
Dhe se unë mund të kem lajthitur)
Dhe shtojnë se duhet të hulumtohet
Kjo puna e zileve
Babai qesh
Dhe thotë se nuk është kumbim
Nuk ka as zile
Se kjo është një jehonë
Që të vjen nga fëmijëria
Dhe e cila i ngjitet për bishti pranverës
Të të tregojë
Më thotë babai
Si fluturojnë vitet

## *Ishim fëmijë*

Ishim fëmijë
I gëzoheshim diellit
Kur në mëngjes e ngjiste fytyrën
E tij të shkëlqyeshme
Në dritare
Dhe pikave të shiut në xham
Shëtisnim nëpër shtëpi
Me vesën në flokët e bujshëm
Që rridhte prej butësisë
Së fjalëve të nënës
Dhe luanim fluturoi-fluturoi
Pikëllimi nuk ekzistonte atëherë
Në fjalorin tonë
Ishin fëmijë
Të cilët me shkallë të rëndomtë prej druri
Nga maja e malit hipnim në qiell
Dhe e kapnim hënën me dorë
Kurse rrugëve e shalonim krenarinë
Se babai ynë ishte më i forti në botë
Ishim fëmijë
Dhe nuk e hetonim se ditët
Na e vidhnin bukurinë

## *Линдита АХМЕТИ*

### *Тајни ѕвончиња*

Пролетта секогаш крие ѕвончиња
Меѓу цвеќињата во градината на баба ми
И си заминува
Тоа го знам
Сум го чула со свои уши
Мислам ѕвонењето
(Да речам уште дека пролетта
Токму во оваа градина се буди
Која виси на божилак со зеленилото свое)
Мајка ми вели дека ова е всушност божја порака
Оти како  би се објаснило поинаку
Милото ѕунење
За кое и велам дека ме буди
Пред изгрејсонце
Некои соседи тврдат дека е така
Дека мајка ми е во право
(Сосетките воглавно мислат
Дека е магија
Или нешто неприродно)
И додаваат дека треба да се истражи
Тој ѕвонеж
Татко ми се смее
И вели дека нема ѕвончиња
Ниту пак ѕвонење
Дека тоа е ехо
Што доаѓа од детството
И се закачува за опашот на пролетта
Како предупреда
Татко ми вели
за годините што си летаат

## *Бевме деца*

Бевме деца
Се радувавме на сонцето
Кога наутро го лепеше
Своето болскотно лице
Врз прозорецот
И врз капките на дождот на стакло
Се шетавме низ дома
Со роса во бујните коси
Со благоста на зборовите на мајка
И се игравме лета-лета
Тагата тогаш не постоеше
Во нашиот речник
Бевме деца
Кои со обични дрвени скали
Од планина се качувавме на небо
За да ја допреме месечината
А по улица ја јававме гордоста
Затоа што нашиот татко
Беше најсилниот човек на светот
Бевме деца
И не забележавме дека деновите
Ни ја крадат убавината

## *Bujar GANIJA - PLLOSHTANI*

### *Shikimi i një poeti*

Bota shpirtërore e poetit është një barkë fëmije
Që ecën detit të pafund të jetës
duke u kredhur në mirësinë, dashurinë,
paqen dhe drejtësinë e pafund.

(Fëmija, një lule e bardhë
zbret në besë të domosdoshme
tek gjiri i familjes duke i sjellë asaj
dhuratën e besimit tek Zoti).

Në këtë barkë ndjesore shtrihet
bota e paqes dhe dashurisë.
Një botë e çiltër me ngjyra gazmore
Dhe me fytyrën e stolisur me buzëqeshje fëmije.

Dhe poeti e kap çdo tingull të kësaj bote
Me përmasat e një fëmije
ai dhembjen për shokun e rënë
E ngre në një ndjenjë të përbotshme!

E kohës i del përpara,
Duke stolisur të ardhmen me buzëqeshje
Ku fëmija endet nëpër fatin e bardhë.

## *Бујар ГАНИЈА – ПЛОШТАНИ*

### *Погледот на поетот*

Детскиот свет на поетот е детско кајче
Што плови по морскиот бескрај море на животот
Губејќи се во добрина, љубов,
Мир и бескрајна правда.

(Детето, бел цвет
Доаѓа со сета доверба
Во прегратката на семејството
И го носи подарокот на вербата во Бога).

Во ова кајче од чувства
Се простира светот на мирот и љубовта.
Искрен свет со весели бои
И лице накитено со детска насмевка.

Но поетот го лови секој глас од овој свет
Со широкоградост на дете
И болката за загубениот другар
Ја крева до небесни височини!

И времето го дочекува
Иднината му ја разубавува со насмевки
Каде детето се движи низ бела судбина.

## *Искра ДОНЕВА*

### *Хаику*

1.

Што ли сонува
бебе дури во сон се
смешка? Млечен Пат.

2.

Крцкав кекс смукам
во устата без млеко.
Мајка дои дете.

3.

Врело изворче
клокоти чисто здравје-
мојот прв чекор.

4.

Од лево на десно
ги вртам сграниците.
Учам да читам.

5.

Со дединото
ноже сечам јаболко.
Потекува мудрост.

6.

Сонцето упорно
ја следи сенката на
мојата младост.

# *Bardhyl ZAIMI*

## *Gjyshja*

Galuc rri e mbërthyer me mentën të qëndisur
Që e motra ia ka sjellë bashkë me mollët e pjekura
Ndër sandale apostujsh i kanë çelur gishtat e mavijosur
Që ngjajnë me një qafë breshke që mundimshëm lëviz

Lëkurën e ka tokë të çarë plot etje shirash të pritshëm
Pergamenë të rreshkur të tkurrur nën diellin e sikletshëm
Me dhimbje kërkon të krijojë harmoni në trupin e braktisur
Pak rrush të thatë Stambolli mban ndër gishtërinjtë me këna

Përpara ka kopshtin dhe kangjellat e ndryshkura
Lulet e kajsisë, lulet e ftoit dhe trëndafilat e kuq
Një copë betoni e ndanë nga molla verore
Nga nipi që lahet hareshëm me lule për Shëngjergj

Ajo ndodhet matanë, në kopshtin e kujtesës
Nën hijen e shtëpisë, në një foto të vjetër

## *Бардил ЗАИМИ*

### *Баба*

Згрбавена седи со закопчан везен минтан
што ѝ го донесе сестра ѝ заедно со печените јаболки
Модрите прсти во апостолки ѝ расцветале
И личат на врат од желка што едвај се движи

Кожата ѝ е распукана ко жедна земја што пека по дожд
Пожолтени пергаменти насобрани од цончевиот жар
Со болка сака да создаде склад во напуштеното тело
Малку суво грозје од Стамбол во рацете накитени со кана

Пред неа градината со жрѓосана железна ограда
Расцветана кајсија, цветови на дуњата и црвени рози
Само парче бетон ја дели од летното јаболко
И од внучето што се капе весело во цвеќиња за Ѓурѓовден

Таа е веќе на другата страна, во градината на сеќавањета
Под сенката на куќата, во една стара фотографија

# *Белешки за авторите*

**АЦЕВСКА, Весна**
(Скопје, 1952)
Поет, раскажувач, преведувач.

Лирска библиографија: *Подготовки за претстава,*1985, *Карпа за скок* 1991, *Котва за Ное* 1994, *Неред во огледалото* 1996, *Кула во зборот* 2006.

**АНДРЕЕВСКИ, Петре М.**
(Слоештица, Демир Хисар, 1934, Скопје, 2006)
Поет, романсиер, раскажувач, драмски автор.

Лирска библиографија: *Јазли*, 1960; *И на небо и на земја*, 1962; *Дениција*, 1968; *Дални наковални*, 1971; *Пофалби и поплаки*, 1975; *Вечна куќа*, 1987; *Лакримариј*, 1999.

**АНЧЕВСКИ, Зоран**
(Скопје, 1954)
Поет, есеист, преведувач, антологичар.

Лирска библиографија: *Патување низ скршени слики,* 1984*; Стратегија на поразот,* 1994*; Линија на отпорот,* 1998*; Превод на мртвите,* 2000; *Див Мир*, 2004.

**АХМЕТИ, Линдита**
**Ahmeti, Linditë**
(Призрен, Косово, 1973)
Поетеса.

Лирска библиографија: ***Mjedra dhe bluz*** **(***Малини и блуз*, 1993); ***Ishulli Adular*** (*Островот Адулар*, 1996); ***Brezi i Zonjës*** (*Божилак*, 2000); *Камена месечина*, 1998; *Син сон*, 2002. Пишува на албански јазик.

**БАКЕВСКИ, Петре**
(Кавадарци, 1947)
Поет, раскажувач, публицист, драматург, театарски критичар.

Лирска библиографија: *Пат до летото*, 1972; *Земјољубец*, 1975; *Крикот на пауното*, 1982; *Раскинатата мапа*, 1984; *Лицето на времето*, 1985; *Замаглен поглед од несоници*, 1990; *Сенката на сонот*, 1990; *Terra Magica*, 1991; *Живи ѕвезди*, 1992; *Низ златниот прстен на сонцето*, 1994; *Во сенката на мечот*, 1994; *Покосница*, 1995; *Сто сонети*, 1997; *Елегии*, 1998; *Балади*, 1999, *Мојата Итака*, 2003, *Темел*, 2004, ***Небесното житие на лирикот***, 2006.

**БОШКОВСКИ, Петар Т.**
(Острилци, Крушевско, 1936, Скопје, 2006)
Поет, романсиер, есеист, критичар, драмски автор, преведувач, антологичар.

Лирска библиографија: *Суводолица*, 1962; *Постела од трње*, 1970; *Небесен камен*, 1985; *Бел ветер*, 1991; *Вториот источен грев*, 1994; *Критична точка*, 2002; *Вратика,* 2004.

**ВАНГЕЛОВ, Атанас**
(Богданци, 1946)
Поет, раскажувач, романсиер, критичар, есеист, книжевен теоретичар, драмски автор, преведувач.

Лирска библиографија: *Земјата на цветот*, 1966; *Препев на планината*, 1970; *Живеалиште*, 1974; *Глетки и привиденија*, 1977; *Предание*, 1978; *Строго доверливо*, 1985; *На безгласје глас*, 1994.

**ВАСИЛЕВСКИ, Ристо**
(Наколец, Преспа, 1943)
Поет, есеист, критичар, преведувач.

Лирска библиографија: *Шепоти*, 1968; *Временија*, 1970; *Толкување на патот*, 1973; *Давање облици*, 1981; *Прелистување на времињата*, 1984; *Житието на Коле Ф.*, 1984; *Болна куќа*, 1984; *Плодород*, 1991; *Пофалба на адот*, 1993; *Играње со главата*, 1997; *Огледала*, 1998; *Ткаенка на злото*, 1999; *Игри и пофалби*, 2000; *Храм. Сепак храм*, 2003.

**ВИНЦА, Агим**
**Vinca, Agim**
(Велешта, Струшко, 1947)
Поет, критичар, историчар на литературата, публицист.

Лирска библиографија: Feniksi (Феникс), 1972, Bregu i mallit ( Брег на копнежот) 1975, Buzëdrinas (Подримец), 1981; Arna dhe ëndrra (Крпи и сништа), 1987, Kohë e keqe për lirikën (Лошо време за лириката), 1997

**ВИНЦА, Нухи**
**Vinca, Nuhi**
(1932, Велешта, Струга)
Поет, истражувач, преведувач.

Лирска библиографија: Dallgë jugu (Бранови на југот), 1966; Vrulle lirike (Лирски полети), 1971; Aty buzë liqenit (Тука покрај езерото), 1986; Sa gjuhë di Danubi (Колку јазици познава Дунав), 1989; Shihni si vijnë dallgët (Погледнете како надоаѓаат брановите), 1999; Te guri i kufirit (Кај каменот на границата), 2000; Te deum laudamus, 2003; Trilogji lirike (Лирска трилогија), 2003.

**ГАЈТАНИ, Адем**
**Gajtani, Adem**
(Подуево, Косово, 1935, 1982)
Поет, драматург.

Лирска биографија: ***Drita në zemër*** (***Светлина во срцето***), 1961; ***Dryni i heshtjeve*** (***Катинар на молкот***), 1964; ***Ti këngë, ti zog i largët*** (***Ти птицо, ти далечна ?????***),

1968; ***Në ëndërr kënga*** (***Во сонот песна***), 1975; ***Amfora e fundosur*** (***Потонатата амфора***), 1977; ***Песни,*** 1980; ***Kënga e mjellmës*** (Лебедова песна), 1982.

**ГАНИЈА – ПЛОШТАНИ**,
***Ganija – Ploshtani, Bujar***
Бујар (Тетово, 1983)
Поет, есеист.

Лирска биографија: ***Heshtjet e poetit*** (***Молчењата на поетот***), 2003; ***Nga regjia e shpirtit*** (***Од режијата на духот***), 2007.

**ДАБЕСКИ, ПЕТКО**
(Волковија, Тетовско, 1939)
Поет.

Лирска библиографија: ***Четврта координата***, 1987; ***Параболи***, 1989; ***Невестински ковчег***, 1991; ***Надвор од опитот***, 1996; ***Нешта над зборовите***, 1997; ***Чувари на калето***; 1998, ***Не е се хаику***, 1999; ***Покров од Зборови***, 1999; ***Наивности***, 2001; ***Каприча за лири и гајди***, 2003; ***Параболи***, 2004; ***Еленски каприча***, 2005, Параболи и каприча (на десет јазици), 2006.

**ДАНИЛОВСКИ, Јордан**
(Дебар, 1957)
Поет, романсиер, есеист.

Лирска библиографија: *Голтач на пламен*, 1982; *Движење, простор и време*, 1984; *Внатрешен говор*, 1986; *Множење на тишината*, 1989; *Книга тма*, 1996; *Лудото легло*, 1998; *Мистик*, 2000; *Книга Нави*, 2002, *Книга ОМ*, 2004.

**ДИМКОВСКА, Лидија**
(Скопје, 1971)
Поет, есеист, теоретичар на книжевноста, преведувач, антологичар.

Лирска библиографија: *Рожби од исток,* 1992*; Огнот на буквите,* 1994*; Изгризани нокти,* 1998*; Нобел против Нобел,* 2001.

**ДИМОСКИ, Славе Ѓорѓо**
(Велестово, Охридско, 1959)
Поет и писател за деца.

Лирска библиографија: *Гравири*, 1979; *Проект/Пројекат*, 1982; *Студен порив*, 1985; *Последните ракописи*, 1988; *Спореден пат*, 1991; *Предмети и аргументи*, 1994; *Форми на страста/Forms of Passion*, 1999; *Темно место*, 2000, .

**ДИМЧЕВ, Димо Н.**
(Доброшани, Штипско, 1952)
Поет, раскажувач, преведувач.

Лирска библиографија: *Смртен крик*, 1989; *Света надеж*, 1990, ***Мила е мама***, 1996 (поезија за деца), ***Гордиот овчарски син***, 1999 (поезија за деца). Пишува на ароманскi (влашки) и македонски јазик.

**ДИРЈАН, Лилјана**
(Скопје, 1953)
Поет и преведувач.

Лирска библиографија: *Природна појава*, 1980; *Жива мера*, 1985; *Тешка свила*, 1997, ***Пелин поле***, 1998.

**ДОНЕВА, Искра**
(Скопје, 1983)
Поет, есеист.

Лирска библиографија: ***Говорот на срцето***, 2000; ***Кој ќе ги згрее птиците***, 2006.

**ЃУЗЕЛ, Богомил**
(Чачак, 1939)
Поет, есеист, прозен и драмски писател, преведувач.

Лирска библиографија: *Медовина*, 1962; *Алхемиска ружа*, 1963; *Мироносници*, 1965; *Бунар во времето*, 1972; *Тркало на годината*, 1977; *Стварноста е сѐ*, 1980; *Опсада*, 1981; *Празен простор*, 1982; *Мрак и млеко*, 1986; *Рушејќи го ѕидот*, 1989; *Гол живот*, 1994; *Хаос*, 1998; *Она*, 2000; *Опстанок*, 2003.

**ЗАИМИ, Бардул**
Zaimi, Bardhyl
(1970, Тетово)
Поет, есеист.

Лирска библиографиа: ***Fuga e fjalëve*** (***Чекрек на зборови***), 2004

***ЈАЧЕВ, Ристо Ѓ.,***
*(Долно Родево, Воденско, Егејска Македонија, 1942)*
Поет, раскажувач, романсиер, драмски писател.

Лирска библиографија: ***Кавал и подземни сенки,*** 1973; ***Димна гора*** 1979; ***Горница***, 1984; ***Сопатникот,*** 1989; ***Ангел на Христовиот гроб***, 1994; ***Заточеникот на мракот***, 1998; ***Жедна ноќ***, 2000, ***Белиот светец***, 2003, ***Студен мрак,*** 2005, ***Зборови и солзи,*** 2007.

**КАЦАРОВ, Трајче**
(Штип, 1959)
Поет, раскажувач, есеист, драмски автор.

Лирска биографија: ***Во подмишките на будилникот***, 1986; ***Го следите ли Хорхе***, 1991; ***Дискретниот шарм на Кус де Ру***, 1993; ***Ректајмот на господинот Налче***, 1997; ***Емигрантот Цвик***, 2003; ***Волноумници***, 2006.

**КЛЕТНИКОВ, Ефтим**
(Негрево, 1946)
Поет, литературен критичар, есеист, антологичар.

Лирска библиографија: *Модер вир*, 1977; *Зраци и самраци*, 1978; *Окото на Темниот*, 1980; *Песни за Огнен*, 1983; *Икра и крило*, 1985; *Гласови*, 1987; *Триок*, 1989;

*Маѓновенија*, 1992; *Прасјај*, 1993; *Маж и жена со лице сйроши ѕвездиише*, 1994; *Живиош камен*, 2003; *Големошо незнаење* (2004).

**КОНЕСКИ, Блаже**
(Небрегово, 1921, Скопје, 1993)
Поет, раскажувач, есеист, книжевен историчар, лингвист, преведувач.

Лирска библиографија: *Земјаша и љубовша*, 1948; *Песни*, 1953; *Везилка*, 1955; *Песни*, 1963; *Сшерна*, 1966; *Сшари и нови йесни*, 1979; *Чешмише*, 1984; *Послание*, 1987; *Црква*, 1988; *Злашоврв*, 1989; *Сеизмоѓраф*, 1989; *Небеска река*, 1991; *Црн овен*, 1993.

**КОТЕСКИ, Јован**
(Присовјани, Струшко, 1932, Скопје, 2001)
Поет.

Лирска библиографија: *Насмевка йред зорише*, 1958; *Земја и сшрасш*, 1958; *Злодоба*, 1963; *Тежина*, 1965; *Сенки*, 1972; *Хераклеја*, 1978; *Поморија*, 1981; *Тайија*, 1985; *Живожарица*, 1990; *Морници*, 1991; *Ралица*, 1992; *Лелејка*, 1994; *Траѓач*, 1995; *Приќе*, 1997; *Разор*, 1999; *Каршечница*, 2000.

**КРУШКАРОВСКИ, Драган**
(Белимбегово, Скопско 1956, Скопје 1999)
Поет, новинар и уредник.

Лирска библиографија: ***Двери,*** 1992; ***Палимйсесш***, 1999 (постхумно)

**КУМБАРОСКИ, Разме**
(Струга, 1944)
Поет, романсиер, есеист, преведувач.

Лирска библиографија: **Зинда**, 1982; **Воден премин**, 1984; **Мусандра**, 1988; **Манастир**, 1994; **Троја**, 1998, **Потковица и зла месечина**, 2003, **Песни за Кипар**, 2007.

**МАРТИНОВСКИ, Владимир**
(Скопје, 1974)
Поет, есеист, преведувач.

Лирска библиографија: ***Морска месечина***, 2003; ***Скриени йесни***, 2005; ***И вода и земја и оѓан и воздух***, 2006.

**МАТЕВСКИ, Матеја**
(Истанбул, 1929)
Поет, литературен и театарски критичар, есеист, преведувач.

Лирска библиографија: *Дождови,* 1956; *Рамнодeница,* 1963; *Перуника,* 1976; *Круѓ,* 1977; *Лийа,* 1980; *Раѓање на шраѓедијаша,* 1985; *Оддалечување,* 1990; *Црна кула,* 1992; *Завевање,* 1996; *Мршвица,* 1999; *Внашрешен йредел,* 2000; *Койнеж йо целина*, 2005.

**МАЦИРОВ, Никола**
(Струмица, 1973)
Поет и преведувач.

Лирска библиографија: ***Заклучени во градот***, 1999; ***Некаде, никаде,*** 1999; ***Асфалтно небо***, 2003; ***Во градот некаде***, 2004, Преместен камен, 2007.

***МЕХМЕТИ, Шазим***
MAHMETI, Shazim
Поет, прозаист.

Лирска биографија: ***Dretpeshimi i humbu***r (*Изгубена рамнотежа*, 1995); ***Shkallmimi i shtëpisë*** (*Уривање на куќата*, 1996); ***Varre dhe lumë*** (*Гробови и река*, 1997); ***Kam frikë nga lehjet*** (*Се плашам од лаежи*, 1998); ***S'e besoj parajsën fënde*** (*Не му верувам на твојот рај*, 1999); ***Lumenj që fluturojnë*** (*Реки што летаат*, 2000), ***Zogj shpirti*** (*Птици на душата*, 2001), ***Stina e kafshës (Годишното доба на животното)***, 2004. Пишува на албански јазик.

**ПАВЛОВСКИ, Радован**
(Ниш, 1937)
Поет, есеист, патописец и публицист.

Лирска библиографија: *Суша, свадба и селидби*, 1961; *Корабија*, 1964; *Високо пладне*, 1966; *Низ проsирката на мечот*, 1971; *Сонце за кое змијата не знае*, 1972; *Пир*, 1973; *Зрна*, 1975; *Молњи*, 1978; *Стражи*, 1980; *Чума*, 1984; *Клучеви*, 1986; *Марена*, 1986; *Темелник*, 1988; *Бог на утрото*, 1991; *Јавач на звукот*, 1995; *Синот на Сонцето*, 1999; *Штит*, 2001; *На едно око*, 2002.

**ПЕТРОВСКИ, Трајан**
(Арбиново, Охридско, 1939)
Поет, раскажувач, романсиер, публицист, преведувач.

Лирска библиографија: *И падина и гороцвет*, 1964; *Опаленик*, 1967; *Благослов на лебот*, 1969; *Водици*, 1969; *Дреновина*, 1971; *Ни ден ни гробнина*, 1974; *Говорот на селаните*, 1980; *Старо лозје*, 1983; *Анадолските ветрови*, 1983; *Сфинга*, 1985; *Разговори со Прличев*, 1989; *Босфорско завештание*, 1996; *Верување во Охрид*, 1996; *Живеам во Азија*, 2000; *Беседења по дервишки*, 2000.

**ПОПОВСКИ, Анте**
(Лазарополе, 1931, Скопје, 2003)
Поет, есеист, препејувач, публицист.

Лирска библиографија: *Одблесоци*, 1955; *Вардар*, 1958; *Самуил*, 1963, *Непокор*, 1964; *Камена*, 1972; *Тајнопис*, 1975; *Ѓубопис*, 1980; *Родопис*, 1981; *Сина песна*, 1984), *Ненасловена*, 1988; *Провидениција*, 1995; *Света песна*, 2001, *Две тишини*, 2003 (постхумно).

**ПРОКОПИЕВ, Александар**
(Скопје, 1953)
Поет, раскажувач, романсиер, есеист.

Лирска библиографија: *Истркалана слика* (хаику), 1998, ***Поетски дневник: Антиинструкции за лична употреба***, 2000.

**РАДИЧЕСКИ, Науме**
(Мешеишта, Охридско, 1953)
Поет, критичар, есеист.

Лирска библиографија: ***Постоења и мотиви, 1975, Светол тажен вик*** 1984**,** ***Контрасти,*** 1992, ***Преображение човеково***, 2001.

**РЕНЦОВ, Михаил**
(Штип, 1936)
Поет, преведувач.

Лирска библиографија: *Иселеник на огинот*, 1965; *Ноќно растење на зборот*, 1967; *Каде од оваа страна*, 1968, *На работ од сонот*, 1972; *Страв*, 1976; *Полноќ*, 1979; *Нерези*, 1982; *Аутодафе*, 1985; *Феникс*, 1987; *Земја. Потоп*, 1991; *Тој*, 1993; *Шпил 33*, 1994; *Вечната бесконечната*, 1996; *Јас оксиморон*, 1998; *Псалми*, 2000, *Апокалипса*, 2002.

**САЛИХУ, Салајдин**
**Salihu, Salajdin**
(Тетово, 1970)
Поет, есеист, раскажувач.

Лирска библиографија: ***Vdes pas gjërave të imëta*** (*Си умирам по ситните нешта*, 1996); ***Nata e parë e pushtimit*** (*Првата ноќ на совладувањето*, 1998), ***Gënjeshtër e sinqertë (Искрена лага), 2004***. Пишува на албански јазик.

**СИНАНИ, Рамадан**
***Sinani, Ramadan***
(Тетово, 1944, Тетово, 2007)
Поет, литературен критичар

Лирска биографија: ***Каваллет е Схаррит (Шарски кавали),*** 1990; ***Emblemë i/lirie*** (***Амблем на слободата***), 1995; ***Неи*** (***Извик***), 2001; ***Acar e zjarr*** (***Мраз и огин***), 2005

**СМИЛЕВСКИ, Веле**
(Ново Село, Демирхисарско, 1949)
Поет, есеист, литературен критичар.

Лирска библиографија: *Слика што согорува*, 1974; *Кафез*, 1978; *Диши длабоко*, 1985; *Одзив на здивот*, 1987; *Гребнатинки*, 1992; *Педесет песни*, 2000, *Педесет допевања*, 2004.

**СОПАЈ, Нехас**
**Sopaj, Nehas**
(Слупчане, Кумановско, 1954)
Поет, раскажувач, есеист.

Лирска библиографија: ***Këngët e blerëta*** (*Зелени песни*, 1973); ***Algjet*** (*Алги*, 1973); ***Të fala prej Hënës*** (*Лунарни поздрави*, 1975); ***Gjysmëhëna*** (*Полумесечина*, 1980); ***Himeret e harbuara*** (*Збеснатите химери*, 1987), ***Lulet e verdha*** (*Жолтите цвеќиња*, 1996); ***Shi mbi Shqipëri*** (*Дожд над Албанија*, 1999); ***Alga e dalë nga deti*** (*Алга излезена од море*, 2001); ***Algje / Алги*** (2004). Пишува на албански јазик.

**СПАСОВСКА, Сузана В.**
(Ротердам, Холандија, 1972)
Поетеса и критичар.

Лирска библиографија: *И љубов и заговор*, 1996, *Смртно писмо*, 2002 (електронска верзија, 2004 печатена верзија).

**СПАХИУ, Мустафа**
**Mustafa Spahiu**
(1948, Мучиврце, Гњилане, Косово)
Поет.

Лирска биографија: ***Ylber lirie*** (***Виножито на слободата***, 1982; ***Mollëkuqet e blerimit*** (Бубамарите на зеленилото, 1984; ***Fëmijët kalojnë nën ylber*** (***Децата минуваат под виножитото***, 1988); ***Livadhi im*** – ***Моја ливада*** (двојазична збирка, албански – бошњачки, 1989); ***Buzëburimi*** (***Покрај изворот***, 1992); ***Sytë që shkrepin fëmijëri*** (***Очите што зрачат детство***, 1994); ***Më ka marrë malli*** (***Копнеам***); ***Ora që kurdiset nga ëndrrat e fëmijëve*** (Ч***асовникот што се навива со детски соништа***) 1996; ***Vallja e okarinave*** (***Оро на окарини***, 1999); ***Këngët e trishtilit*** (***Песните на сеницата***, 2000); ***Fëmija është bilbil i shtëpisë***, (***Детето е славеј на огништето***, 2005); ***Me buzëqeshje ju dal përpara*** (***Со насмевка ве очекувам***, 2005).

**СТОЈЧЕВСКИ, Санде**
(Студена Бара, Кумановско, 1948)
Поет, есеист, литературен критичар, преведувач.

Лирска библиографија: *Кралот на лебедите*, 1972; *Фенери низ маглата*, 1977; *Златна гранка*, 1980; *Вечерна*, 1985; *Абор Гора*, 1987; *Лов на блесок*, 1990; *Кубоа*, 1993; *Скалд*, 1995; *Врв*, 1996; *(З)аум*, 1999; *Трмка*, 2001; *Сипкава преѓа е свет*, 2002.

**СТРЕЗОВСКИ, Јован**
(Подгорци, Струшко, 1931)
Поет, раскажувач, романсиер, преведувач.

Лирска библиографија: *Шепоти,* 1958; *Чекори во времето*, 1968; *Орфеј на бескрајот*, 1971; *Велебилје*, 1985; ***Студен свет***, 1991; Плетеница, 1992; Свет во свет, 1996; *Блик*, 2000; Сјај и пепел, 2005.

**ТАШКОВСКИ, Љубен**
(Струмица, 1931- Скопје, 1994)
Поет, новинар.

Лирска библиографија: Катерина, 1958, Балада за јужното небо, 1960, Кукушанка, 1962, За нас нема збогум, 1967, Македонска рапсодија, 1969, Илинден, 1969); Љубен во Америка, 1970; Мојата јужна љубов, 1979; Калинка, 1981; Од Скопје до Чикаго, од Њујорк до Сантјаго.

**ЌУЛАВКОВА, Катица**
(Велес, 1951)
Поет, литературен теоретичар, критичар, есеист, препејувач, антологичар.

Лирска библиографија: *Благовести*, 1975; *Акт,* 1978; *Нашиот согласник,* 1981; *Нова пот,* 1984; *Жедби, престапни песни,* 1989; *Домино,* 1993; *Изгон на злото,* 1997, *Меѓусвет*, 2003, *Слеп агол*, 2004.

**УРОШЕВИЌ, Влада**
(Скопје, 1934)
Поет, раскажувач, романсиер, книжевен и ликовен критичар, есеист, антологичар, преведувач

Лирска библиографија: *Еден друг град*, 1959; *Невиделица*, 1962; *Летен дожд*, 1967; *Ѕвездена терезија*, 1973; *Нуркачко ѕвоно*, 1975; *Сонувачот и празнината*, 1979; *Хипнополис*, 1986; *Ризиците на занаетот*, 1993, *Мане, текел, фарес*, 2001.

***ХАЗИРИ, Љулзим***
**Haziri, Lulëzim**
(Гостивар, 1962)
Поет, и публицист.

Лирска биографија: ***Kënga lind në vetmi*** (*Песната се раѓа во самотија*), 1989; ***Kur dyert hapen me zile*** (*Кога вратите се отвораат со ѕвон*), 1995; ***Dalja nga safari (Излез од сафари) 2005.***

**ЧАЛОВСКИ, Тодор**
(Галичник, 1945)
Поет, литературен критичар, есеист и преведувач.

Лирска библиографија: *Ноќ во која те нема*, 1969; *Ноќен часослов*, 1971; *Сердарски болести*, 1975; *Ѕвезда во човека*, 1981; *Јадро*, 1984; *Праг*, 1988; *Проних*, 1994; *Дарови*, 1994; *Галица*, 1996; *Будна куќа*, 1998; *Глас крепител*, 2000; *Обден*, 2002; ***Сончев здив***, 2005.

**ЧЕЈКОВСКА, Вера**
(1954, Скопје)
Поет, есеист.

Лирска библиографија: ***Човек и врата***, 1975; ***Множење на словото***, 1986; ***Опит***, 1992, Отсуство на благиот (избор), 1993; Рабови, 2006.

**ШАБАНИ, Ресул**
**Shabani, Resul**
(Калишта, Струга 1944)
Поет, раскажувач, драмски писател.

Лирска библиографија: **Peshk (***Риба*, 1975); ***Hamleti me plis të zi*** (*Хамлеш со црно кече*, 1978); ***Ora e liqenit*** (*Езерска самошија*, 1983); ***Ujëpërshkruesi i fushës*** (*Водойисец на йолешо*, 1986); ***Oh Amerika*** (*Ох Америка*, 1989); *Измислен ѓрев*, 1996).

**ШОПОВ, Ацо**
(Штип, 1923, Скопје, 1982)
Поет и преведувач.

Лирска библиографија: ***Песни,*** 1944; ***Пруѓа на младосша***, 1947 (заедно со С. Јаневски); ***На Грамос***, 1950; ***Со наши раце***, 1950; ***Сшихови за макаша и радосша***, 1952; ***Слеј се со шишинаша***, 1955; ***Вешрош носи убаво време***, 1957; ***Небиднина***, 1963), ***Јус-универзум***, 1968; ***Гледач во йейелша***, 1970; ***Песна на црнаша жена***, 1976; ***Дрво на ридош***, 1980.

# *Белешка за приредувачот*

**БАНОВИЌ-МАРКОВСКА, Ангелина**
(Скопје, 1966)
Теоретичар, есеист, професор на Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Објавени дела: ***Интерпретативни стратегии*** (1999); ***Ликови-антагонисти*** (2001); ***Хипертекстуални дијалози*** (2004); ***Групен портрет*** (2007).

*Содржина*

*Внатрешни слики за животот: детството и македонскиот лирски субјект* .... 5

***Блаже КОНЕСКИ*** .... 9
Кафез .... 9
Децата .... 9
Дете заспано крај езеро .... 10
***Ацо ШОПОВ*** .... 11
Долго живеам на ова место .... 11
***Матеја МАТЕВСКИ*** .... 12
Поле .... 12
Шиндра .... 12
***Љубен ТАШКОВСКИ*** .... 14
Тетка Като .... 14
Лагадинка .... 14
***Анте ПОПОВСКИ*** .... 15
Птица на детството .... 15
Да си замислиш еден прозорец .... 15
Некогаш кога цутеа црешите .... 16
Загледан во книгата на родените .... 16
Долина на детството .... 17
***Јован СТРЕЗОВСКИ*** .... 18
Редок кактус .... 18
***Јован КОТЕСКИ*** .... 19
Присовјани .... 19
Уте .... 19
Да се вратам... .... 20
Обичен живот .... 20
Калишта .... 21
Туѓинец .... 22
***Nuhi VINCA*** .... 23
Në kërkim të fëmijërisë .... 23
***Нухи ВИНЦА*** .... 24
Во потрага по детството .... 24
***Петре М. АНДРЕЕВСКИ*** .... 25
Лицето на зборовите .... 25

***Влада УРОШЕВИЌ*** . . . . . . . . . . 26
Дете што зборува на сон . . . . . . . . . . 26
Куќата на детството . . . . . . . . . . 26
Златен век, детство . . . . . . . . . . 27
Детство. . . . . . . . . . . 29
Детска летна приказна . . . . . . . . . . 30
***Михаил РЕНЏОВ*** . . . . . . . . . . 31
Детето ми е убаво . . . . . . . . . . 31
Килим . . . . . . . . . . 31
Ненасловена . . . . . . . . . . 32
Се враќав дома . . . . . . . . . . 33
***Петар Т. БОШКОВСКИ*** . . . . . . . . . . 34
Лишување . . . . . . . . . . 34
Растење . . . . . . . . . . 35
Постела на чардак . . . . . . . . . . 35
***Радован ПАВЛОВСКИ*** . . . . . . . . . . 37
Сеќавање . . . . . . . . . . 37
Децата во дворот . . . . . . . . . . 37
Пелин дете . . . . . . . . . . 37
Ми се скита . . . . . . . . . . 38
Целце . . . . . . . . . . 39
***Петко ДАБЕСКИ*** . . . . . . . . . . 40
Инфантилна . . . . . . . . . . 40
***Богомил ЃУЗЕЛ*** . . . . . . . . . . 41
Раст . . . . . . . . . . 41
***Adem GAJTANI*** . . . . . . . . . . 42
Njëra nga rrugët e mia . . . . . . . . . . 42
Peizazhi i rrugës sime . . . . . . . . . . 43
***Адем ГАЈТАНИ*** . . . . . . . . . . 44
Една од моите улици . . . . . . . . . . 44
Пејзажот на мојата улица . . . . . . . . . . 45
***Трајан ПЕТРОВСКИ*** . . . . . . . . . . 46
Некогаш тука сум живеел . . . . . . . . . . 46
Скришно место . . . . . . . . . . 46
***Ристо Ѓ. ЈАЧЕВ*** . . . . . . . . . . 48
Кога повторно ќе си ја запеам песната . . . . . . . . . . 48
Како да се стигне до летниот дворец . . . . . . . . . . 48
Родивска еклисија . . . . . . . . . . 50
Не е сон . . . . . . . . . . 51

***Ристо ВАСИЛЕВСКИ*** ...... 52
Обредна погача ...... 52
***Resul SHABANI*** ...... 54
Barka ...... 54
Bija dhe biri im ...... 55
***Ресул ШАБАНИ*** ...... 57
Кајче ...... 57
Ќерка ми и син ми ...... 58
***Ramadan SINANI*** ...... 60
Shtëpia e vjetër ...... 60
***Рамадан СИНАНИ*** ...... 62
Старата куќа ...... 62
***Разме КУМБАРОСКИ*** ...... 64
На панаѓур во Калишта ...... 64
***Тодор ЧАЛОВСКИ*** ...... 65
Носталгија ...... 65
Дипли ...... 65
***Атанас ВАНГЕЛОВ*** ...... 67
Дете ...... 67
Туртуриче ...... 67
***Ефтим КЛЕТНИКОВ*** ...... 70
Подарок ...... 70
Сеќавање ...... 70
Ништо ...... 71
Случка ...... 71
***Agim VINCA*** ...... 73
Kredo ...... 73
Plepat e vendlindjes ...... 74
***Агим ВИНЦА*** ...... 76
Кредо ...... 76
Тополите на родниот крај ...... 77
***Петре БАКЕВСКИ*** ...... 79
Балада за сончевите предели на детството ...... 79
***Mustafa SPAHIU*** ...... 81
Këmisha e fëmijërisë ...... 81
***Мустафа СПАХИУ*** ...... 85
Кошулата на детството ...... 85

*Санде СТОЈЧЕВСКИ* ........ 89
Врв ........ 89
Татко ми меѓу ветришта ........ 90
Слика........ 90
*Веле СМИЛЕВСКИ* ........ 91
Го сликам првиот допир ........ 91
*Ка̄та ЌУЛАВКОВА* ........ 93
Предвремено будење ........ 93
Исповед на дете ........ 94
Weltanschauung ........ 95
Мирисот на смрчките........ 96
Топла крв ........ 97
*Dna CUVATA* ........ 99
Anjlji fciureshtsã ........ 99
Cumortsãljî........ 99
*Димо Н. ДИМЧЕВ* ........ 101
Годините на детството ........ 101
Со мртвите ........ 101
*Весна АЦЕВСКА*........ 103
Дете меѓу зрели овошки ........ 103
Нагледност ........ 103
*Науме РАДИЧЕСКИ* ........ 105
Продолжено јавување........ 105
*Александар ПРОКОПИЕВ* ........ 106
Хаику ........ 106
*Лилјана ДИРЈАН* ........ 108
Ќе правиме куќа или сирење ........ 108
Тамариска, предели........ 108
*Nehas SOPAJ*........ 111
Ag dhe viollcë........ 111
*Нехас СОПАЈ*........ 113
Зора и темјанушка........ 113
*Зоран АНЧЕВСКИ* ........ 115
На тетка А. К......... 115
Откритие ........ 116
Адолесцентна песна ........ 116
*Вера ЧЕЈКОВСКА* ........ 118
Пластелин ........ 118

***Драѓан КРУШКАРОВСКИ*** ........ 119
Тајноста на постот ........ 119
Бадник ........ 119
На нашиот таван ........ 120
Сеќавање во пет слики ........ 121
***Јордан ДАНИЛОВСКИ*** ........ 122
Ја нема собата моја не ........ 122
Шептеж ........ 122
Мојата соба ........ 123
Мене ........ 124
***Shazim MEHMETI*** ........ 125
Mëhalla e Lapos ........ 125
***Шазим МЕХМЕТИ*** ........ 127
Маалото на Лапо ........ 127
***Славе Ѓорѓо ДИМОВСКИ*** ........ 129
Requiem ........ 129
Детство ........ 130
***Трајче КАЦАРОВ*** ........ 131
Каде ме наоѓаш ........ 131
Страв ........ 131
***Lulëzim HAZIRI*** ........ 133
Letër shokut të bankës ........ 133
***Љуљзим ХАЗИРИ*** ........ 134
Писмо до другарот од клупата ........ 134
***Salajdin SALIHU*** ........ 135
Fëmijëria pa letërnjoftimi ........ 135
***Салајдин Салиху*** ........ 136
Детство без лична карта ........ 136
***Лидија ДИМКОВСКА*** ........ 137
Кирие Елеисон ........ 137
***Сузана В. СПАСОВСКА*** ........ 138
Млада кожа ........ 138
Наследство ........ 139
***Никола МАЏИРОВ*** ........ 140
Студени утра ........ 140
Имав три години ........ 140
Секој ден светот ........ 141
Стрелки од часовникот ........ 141

***Владимир МАРТИНОВСКИ*** ....... 143
Хаику ....... 143
Летечка баклава ....... 145
***Linditë AHMETI*** ....... 146
Zile misterioze ....... 146
Ishim fëmijë ....... 147
***Линдита АХМЕТИ*** ....... 148
Тајни ѕвончиња ....... 148
Бевме деца ....... 149
***Bujar GANIJA - PLLOSHTANI*** ....... 150
Shikimi i një poeti ....... 150
***Бујар ГАНИЈА – ПЛОШТАНИ*** ....... 151
Погледот на поетот ....... 151
***Искра ДОНЕВА*** ....... 152
Хаику ....... 152
***Bardhyl ZAIMI*** ....... 154
Gjyshja ....... 154
***Бардил ЗАИМИ*** ....... 155
Баба ....... 155

***Белешки за авторите*** ....... 157

***Белешка за приредувачот*** ....... 167